UNIVERSITY "Sts. CYRIL AND METHODIUS" - SKOPJE

INSTITUTE FOR SOCIOLOGICAL, POLITICAL
AND JURIDICAL RESEARCH

INSTITUTE
FOR
SOCIOLOGICAL,
POLITICAL
AND JURIDICAL
RESEARCH

University "Sts. Cyryl and Methodius"

# ANNUAL of ISPJR
# 2014

Volume XXXVIII Number 1 Skopje, 2014

INSTITUTE FOR SOCIOLOGICAL, POLITICAL
AND JURIDICAL RESEARCH
UNIVERSITY “Ss. CIRYL AND METHODIUS” - SKOPJE

# ANNUAL of ISPJR
# 2014

Volume XXXVIII Number 1 Skopje, 2014

**Editorial Board:**

**Domestic members:**

Jorde Jakimovski, PhD.
Petar Atanasov, PhD.
Mirjana Borota Popovska, PhD.
Ruzica Cacanoska, PhD.
Eleonora Serafimovska, Ph.D.
Aneta Cekik, MSci.

**International members:**
Galina Koleva, PhD.
Nijaz Ibrul, PhD.
Reinhrad Heinich, Ph.D.
Stefan Buzarovski, Ph.D.
Katerina Spasovska, Ph.D.
Panajotis Cakiparologlou, Ph.D.
Mina Petrovic, Ph.D.
Ilka Thiessen, Ph.D.
Boris Nieswand, Ph.D.

**Editor-in-chief:**
Jorde Jakimovski, PhD

**Published by:**
University "Ss.Cyril and Methodius" - Skopje
Institute for Sociological, Political and Juridical
Research – Skopje
Partizanski odredi bb, 1000 Skopje
Republic of Macedonia
www.isppi.ukim.edu.mk
Tel. 02/3061-119
Fax. 02/3061-282
P.O. Box: 435

**ISSN 1857-7350**

CC BY-NC-ND

ANNUAL of ISPJR by ISPJR is licensed under a Creative Commons Attribution-NonCommercial-NoDerivatives 4.0 International License

*CONTENTS*

ПРЕДГОВОР ..... 7

Јорде Јаќимовски
Јавноста за социо-економската состојба во Република Македонија ..... 9

Климе Бабунски
Притисок врз „Зелена МК“ ..... 25

Емилија Симоска
Меѓуетнички односи ..... 47

Ружица Цацаноска
Назначените карактеристики на религијата во Република Македонија ..... 55

Мирјана Борота Поповска, Марија Топузовска Латковиќ, Весна Забијакин Чатлеска
Ставови за кариерата на македонската работна сила ..... 67

# ПРЕДГОВОР

Годишникот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје претставува една од формите за комуницирање со научната и пошироката јавност на научните и другите работници на Институтот. Авторите на трудовите во ова издание на Годишникот, со своето знаење и искуство, како и во целокупната досегашна научно-истражувачка работа, имаат за цел да придонесат не само за осознавањето на многу значајни прашања во општествено-политичкиот живот, туку и за развој на социолошката, политичката, правната и друга мисла во Република Македонија.

Во ова издание на Годишникот се презентирани наодите и сознанијатата до кои дојде Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања по пат на сондажа на ставовите и на мислењата на граѓаните од Република Македонија за најактуелните прашања од областа на економскиот, социјалниот и политичкиот живот во рамки на проектот именуван како „ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИТЕ ПРАШАЊА - 2014”

Основната цел на ова истражување беше да се види во која мера е развиена свеста на граѓаните и во која мера до нив допираат сознанијата за општествено-економските состојби во Република Македонија, суштината на мерките што се преземаат и како тие реагираат на промените што се случуваат. Во таа смисла, истражувањето дава можност да се откријат не само евентуалните дискрапанци помеѓу индивидуалните и јавно изразените ставови и оценки по различни прашања, туку и да се открие степенот со кој јавно изразените оценки и проценки за општествено-економските прашања, појави и проблеми стануваат прифатливи или недоволно јасно аргументирани и оправдани за граѓаните.

Суштината на овој проект ја наоѓаме во можноста преку него да се анализира општествената стварност и практика, да се откријат причинителите на општествените противречности и законитоста.

Раководител на проектот: проф. д-р Јорде Јаќимовски

УДК 323(497.7)(047)

*Проф. д-р Јорде Јаќимовски*
jakjor@isppi.ukim.edu.mk

# ЈАВНОСТА ЗА СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ВОВЕД

Сегашната општествено-економска состојба во Република Македонија доаѓа по еден долг нестабилен развиток во кој животниот стандард на населението бележи негативен тренд. Сложената општествено-економска положба се огледа во константно високата невработеност, опаѓањето на животниот стандард, бавниот пораст на платите и растот на цените на личната и услугите во јавната потрошувачка.

Република Македонија со стапка на невработеност од 28%, (Анкета на работна сила од 2014 година), секако, не дава добри перспективи за општествената интеграција на работната сила, особено ако ја земеме предвид стапката на невработеност на младата популација (од 20-24 години) која изнесува 53,1%. Тоа значи дека над една четвртина од вкупната работна сила во Република Македонија е невработена или повеќе од половина на возраст од 15-24 години е оневозможено да стекнуваат плата и работно искуство.

**Табела 1:** *Стапката на вработеност и невработеност во средното и високото образование*

*во %*

| | 2010 г. | 2011 г. | 2012 г. | 2013 г. | 2014 г. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стапка на вработеност со 3 години средно образование** | 52,8 | 52,8 | 53,3 | 51,1 | 53,0 |
| **Стапка на вработеност со 4 години средно образование** | 52,2 | 50,6 | 51,7 | 54,4 | 54,8 |
| **Стапка на вработеност со високо образование** | 66,2 | 64,8 | 63,8 | 63,2 | 63,7 |
| **Стапка на невработеност со 3 години средно образование** | 33,5 | 31,4 | 31,4 | 30,2 | 28,3 |
| **Стапка на невработеност со 4 години средно образование** | 30,5 | 31,5 | 30,9 | 28,1 | 27,1 |
| **Стапка на невработеност со високо образование** | 22,7 | 23,4 | 23,3 | 24,6 | 23,1 |

Извор: Анкета на работна сила, Статистички преглед 2.4.15.04/813, стр. 122, Скопје, 2015 година.

Во последните години, преминот на младите од образование на работа станува сè подолго, сложено и турбулентно. Над една третина, односно 34,3% од работната сила на возраст од 15-29 години се невработени подолго од една година (состојба од 2014 година). Најголем број припадници на младата школувана генерација се доведува во ситуација да ги губи најдобрите години од животот чекајќи вработување, и тоа во години кога можат на општеството да му дадат најмногу од својата енергија и творечка способност. Стапката на вработеност на лицата со високо образование се намалува од 66,2% во 2010 година на 63,7% во 2014 година, додека стапката на невработеност се зголемува од 22,7% во 2010 година на 23,1% во 2014 година.

Полнолетната млада генерација живее со поддршка на семејството, односно од солидарноста на родителите и најблиските роднини. Долгорочната невработеност ги прави младите фрустрирани и незадоволни затоа што се приморани во недоглед да ги одлагаат значајните функции - како за поединците, така и за општеството - склопување брак, родителство и слично.

Платата и пристапот до пазарот на трудот се клучни фактори при одредувањето на средствата на поединците и домаќинствата, а исто така се важни при обезбедувањето на сигурноста и контролата во однос на тие средства. Заработувачката од платената работа е најголемиот извор на приход,

додека немањето заработка е најголема причина за сиромаштијата. За најголем дел од луѓето кои живеат во македонското општество платата е главен извор на приход (64,6% во 2014 година), при што една третина од вработените во Република Македонија (33,5%) заработуваат до 12.000,00 денари, односно 64,1% до 20.000,00 денари (состојба од 2014 година.).

Работата со себе носи одредени бенефиции во финансиска и социјална смисла, но сепак не е мал бројот на оние што остануваат сиромашни и исклучени иако се вработени. Тешкотиите при вработувањето имплицираат проблеми на индивидуално и трошоци на општествено ниво. Како позначајни индивидуални проблеми можат да се наведат: фрустрации, нервози, мала заработувачка во работниот век, одлагање на брак и родителство кај младите, неискористеност на знаење и вештини и социјална исклученост. Проблеми во општеството се: негативен успех во демографската политика, голема неискористеност на енергијата и творечката способност на младата работна сила, зголемени социјални трансфери и изгубени даноци.

Промените кај работниот статус и кај заработката се главна причина за движењето во или надвор од сиромаштијата. Бројот на вработените во едно домаќинство е најважен индикатор за степенот на сиромаштијата на сите членови во домаќинството, вклучувајќи ги и децата, меѓутоа вработеноста и висината на платата во текот на животот влијаат врз степенот на сиромаштијата и по пензионирањето. Просечниот број на членови во работен однос по домаќинство бележи благо опаѓање (од 1,04 во 2012 на 1,01 во 2014 година), а просечниот број на издржувани членови се зглемува (1,75 на 1,77). Според објективните мерила, стапката на сиромаштијата кај невработените е повисока од онаа кај еден член вработен во домаќинството односно два и повеќе вработени членови.

**Табела 2:** *Стапка на сиромаштија според најфреквентниот статус на економска активност 2010-2014 година*

*во %*

| | 2010 г. | 2011 г. | 2012 г. | 2013 г. | 2014 г. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вработен** | 9,4 | 10,2 | 11,1 | 11,1 | 9,8 |
| **Невработен** | 50,1 | 48,7 | 46,5 | 43,7 | 40,4 |
| **Пензионер** | 14,0 | 13,0 | 14,1 | 10,9 | 8,4 |

Извор: Линија на сиромаштија, Соопштение бр. 4.1.12.83 од 2010 година, број 4.1.14.02 од 2011 година и број 4.1.15.100 од 2015 година

Порано преминот од младост во зрела доба се случувал на почетокот на некоја професионална кариера. Сега пазарот на трудот на младите е многу несигурен, па преминот од родителскиот дом во независен живот станува сè понеизвесен.

**Табела 3:** *Стапка на сиромаштија според тип на домаќинство 2010-2014 година*

*во %*

| | 2010 г. | 2011 г. | 2012 г. | 2013 г. | 2014 г. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Домаќинства со двајца возрасни и со две издржувани деца** | 22,7 | 23,8 | 24,3 | 24,8 | 25,0 |
| **Домаќинства со двајца возрасни и со три и повеќе издржувани деца** | 36,5 | 57,0 | 53,9 | 49,9 | 51,1 |

Извор: Линија на сиромаштија, Соопштение бр. 4.1.12.83 од 2010 година, број 4.1.14.02 од 2011 година и број 4.1.15.100 од 2015 година

Сиромаштијата во Република Македонија е во корелација со бројот на издржуваните деца. Податоците откриваат дека концентрацијата и зголемувањето на бројот на луѓе кои живеат во состојба на сиромаштија се присутни во домаќинствата со две и повеќе издржувани деца.

## 1.1. ПРИФАЌАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО

**Општо земено, дали работите во Република Македонија одат во правилна или во погрешна насока?**

Меѓу анкетираните лица, како што може да се види, најбројни се оние што оценуваат дека работите во Република Македонија одат во ***погрешна насока*** (69,6%). Податокот е тој кој, секако, не дава охрабрување на креаторите и имплементаторите на економските и политичките процеси, во прв ред, затоа што довербата во процесите претставува битен предуслов за конечен успех, прво како силна мотивациска основа, но исто така и низ отсуството на блокирањето на истите одоздола.

**Општо земено, дали работите во Република Македонија одат во правилна или погрешна насока?**




Анализата на одговорите според социо-демографските карактеристики - возраст, етничка припадност, образование, економски статус, населено место и политичка насоченост - укажува на битни разлики меѓу испитаниците.

Секако етничката припадност на испитаниците е најзначаен фактор кој влијае врз заземање став кон ова прашање. Оттука, 91,7% од Албанците се изјасниле дека работите во Република Македонија одат во погрешна насока. Помал број испитаници, кои оценуваат дека работите одат во погрешна насока, има помеѓу македонските испитаници (60,6%).

Истражувањето покажува дека возраста на испитаницте го детерминира нивниот одговор, при што ги добивме следните резултати:

**Табела 4:** *Општо земено, дали работите во Република Македонија одат во правилна или погрешна насока според возраст?*

*во %*

| | 18-29 г. | 30-39 г. | 40-49 г. | 50-65 г. | Над 65 г. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Правилна насока** | 20,6 | 33,9 | 36,9 | 28,7 | 41,8 | 30,4 |
| **Погрешна насока** | 79,4 | 66,1 | 63,1 | 71,3 | 58,2 | 69,6 |
| **Вкупно** | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Во исправноста на економскиот, политичкиот и социјалниот систем најмногу се уверени испитаниците на возраст над 65 години (41,8%), додека млдите (18-29 години) сметаат дека работите одат во погрешна насока (79,4%).

**Табела 5:** *Ставови како одат работите во Република Македонија според политичката насоченост*

*во %*

| | Политичка насоченост | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | **Поддржува партија која е дел од власта** | **Поддржува партија која е дел од опозицијата** | **Не поддржува ниту една партија** | |
| **Правилна насока** | 51,0 | 12,6 | 30,7 | 32,7 |
| **Погрешна насока** | 49,0 | 87,4 | 69,3 | 67,3 |
| **Вкупно** | 100 | 100 | 100 | 100 |

Степенот на неприфатливоста на состојбите во општеството е значително голем кај испитаниците поддржувачи на партијата која е дел во опозицијата (87,4%).

Меѓу различните групи од социо-економски статус, најмал број на испитаници кои веруваат дека работите одат во правилна насока има меѓу студентите (18,8%), домаќинките (18,2%) и невработените (26,0%). Негативната оценка на студентите дека работите одат во погрешна насока не претставува добар знак, бидејќи брјот на студентите се зголемува; дека состојбите одат во правилна насока, најмногу се уверени пензионерите (40,0%) и земјоделците (40,0%).

## 1.2. РАСПОЛОЖЕНИЕ КАЈ ГРАЃАНИТЕ

Општествено-економскиот развој е проследен со бројни потешкотии и проблеми, со што ги има сите карактеристики на општествена криза. Тоа се чувствува речиси во сите сфери на секојдневното работење и живеење и нормално е да се очекува тоа да има значително влијание врз свеста и чувството на луѓето за економските, политичките и социјалните состојби во земјата.

Со истражувањето се обидовме да утврдиме какви се оценките на испитаниците за доминантното чувство во однос на состојбите во економијата и останатите настани во Република Македонија. Глобална констатација која произлегува од истражувањето е дека луѓето сметаат дека мошне присутно е чувството на загриженост, страв, огорченост и револт (48,5%). Само 18,6% од испитаниците веруваат дека наскоро ќе се подобрат состојбите.

**Состојбите во економијата и останатите настани влијаат врз општото расположение на граѓаните. Според ваше мислење, еве какво расположение преовладува кај најголем број од граѓаните во Република Македонија?**




Од социо-демографските карактеристики кои влијееле врз оформувањето на општиот став во однос на расположението на граѓаните, како статистички релевантни се манифестираат политичката насоченост, возраста, социо-економскиот стаус и регионалата припадност на испитаниците.

Според политичката насоченост, испитаниците (лицата кои ја поддржуват партијата која е дел од опозицијата) манифестираат позначајни отстапувања од општата дистрибуција по одделните модалитети. Во таа смисла, 41,2% имаат мислење дека кај населението преовладува загриженост и страв, односно 24,3%

сметаат дека постои огорченост и револт, но симболично 6,6% веруваат дека состојбите наскоро ќе се подобрат. Од друга страна, пак, лицата поддржувачи на партијата која е дел од власта, многу почесто од општиот просек веруваат дека состојбите наскоро ќе се подобрат (22,9%).

**Табела 6:** *Состојбите во економијата и останатите настани влијаат врз општото расположение на граѓаните. Според ваше мислење, еве какво расположение преовладува кај најголем број од граѓаните во Република Македонија според политичката насоченост?*

*во %*

| | Поддржува партија која е дел од власта | Поддржува партија која е дел од опозицијата | Не поддржува ниту една партија | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Загриженост и страв | 22,6 | 41,2 | 27,5 | 27,7 |
| Огорченост и револт | 18,5 | 24,3 | 21,3 | 20,8 |
| Рамнодушност и пасивност | 11,9 | 13,2 | 12,8 | 12,6 |
| Надеж и страв | 17,3 | 14 | 16,2 | 16,3 |
| Верувам дека наскоро ќе се подобри | 22,9 | 6,6 | 18,8 | 18,6 |
| Мотивираност за активно вклучување во решавањето на проблемите | 6,8 | 0,7 | 3,4 | 4,1 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 |

Степенот на образованието на испитаниците е следниот фактор кој покажува отстапување со расположениео на граѓаниете во однос на општата дистрибуција. Натпросечен песимизам односно загриженост и страв (39,3%)

и потпросечен оптимизам дека состојбите наскоро ќе се подобрат (7,1%) преовладува кај испитаниците со незавршено основно образование.

Во однос на расположението на граѓаниете и социо-економскиот статус на испитаниците има извесно отстапување во однос на општата дистрибуција. Социјалната група – земјоделци (30%) во однос на општата дистрибуција (18,6%), во најголем број случаи веруваат дека состојбите наскоро ќе се подобрат. Од друга страна, потпросечен оптимизам - верување дека состојбите наскоро ќе се подобрат преовладува кај домаќинките (9,1%).

Во поглед на ставот дека состојбите наскоро ќе се подобрат се чини дека расположението најмногу е присутно кај испитаниците во вардарскиот регион (31,3%), а најмалку кај испитаниците во југозападниот регион (4,5%).

Песимизмот - загриженост и страв - натпросечно е присутен кај испитаниците во полошкиот регион (31,1%), пелагонискиот регион (31,0%) и југоисточниот регион (29,6%).

## 1.3. СОЦИЈАЛНИ ПРАШАЊА

Веќе подолго време во нашата земја актуелната состојба во економската и социјалната сфера придонесува кон разградување на стратификуваната структура на општеството во правец на проширување и продлабочување на осиромашувањето на населението и нагло збогатување на сосема мал слој од македонската популација. За да може да се добие поадекватна претстава за овие состојби и да се даде посодржаен коментар на овој дел од истражувањето, неопходно е да се има предвид дека околу 79% од вработените во Република Македонија имаат плата која е помала од просечната во Републиката. Потребниот минимум на животен стандард на четиричлено семејство обично ја надминува просечната сума на платата во семејството, бидејќи коефициентот на просечната вработеност во семејството во Република Македонија изнесува 1,01.

Со оглед на тоа што социјалните разлики (начинот на животот и стандардот) стануваат многу чувствителни, во рамките на ова истражување беше поставено прашањето: **Кој од овие проблеми создава најголеми проблеми во Вашето домаќинство?**

Истражувањата покажуваат дека домаќинствата се соочуваат со ниски приходи и со непостоење услови за вработување. Имено, 47,6% од домаќинствата најмногу ги погодува недоволни приходи, 34,0% сметаат дека не постојат услови за вработување, 8,7% - лоши услови за лекување, а лоши услови за станување - 5,3%.

**Кој од овие проблеми создава најголеми проблеми за Вашето домаќинство?**




Одредени нарушувања на одговорите на општата дистрибуција се забележуваат од аспект на етничката припадност на испитаниците. Така, на пример, ако недоволните приходи создаваат најголеми проблеми во Република Македонија (47,6% од вкупно анкетираната популација), ваков одговор во најголем број случаи се сретнува кај Македонците (51,6%), а помалку кај Албанците (37,9%). Понатаму, непостоењето услови за вработување е најзначајна определба кај албанската етничка припадност (41,1%).

Возраста на испитаниците остварува исто така определено влијание врз ставовите на испитаниците за проблемите во домаќинството. Имено, испитаниците на возраст од 18-29 години многу почесто од општиот просек (34%), односно 44,5% од испитаниците се изјасниле дека најголем проблем во домаќинството е непостоењето на услови за вработување.

Според социо-економскиот статус, земјоделците, студентите и невработените манифестираат позначајни отстапувања од општата дистрибуција по одделни модалитети. Во таа смисла, највидни отстапување од нормалната дистрибуција се манифестира кај земјоделците и невработените, од кои 65,0% односно 45,3% се на мислење дека најголеми проблеми во домаќинството создаваат недоволните приходи. Од друга страна, пак, студентите многу почесто од општиот просек сметаат дека најголем проблем во домаќинството создава непостоењето на услови за вработување (53,1%).

Регионалното потекло исто така остварува одредено влијание врз определбата на испитаниците на горенаведеното прашање. Најмогу од

анкетираните во источниот (69,3%) и југоисточниот регион (63,9%) се изјасниле дека најголем проблем во домаќинството создаваат недоволните приходи. Определбата дека најголем проблем во домаќинството создава непостоењето на услови за вработување натпросечно е застапена кај испитаниците во полошкиот регион (45,6%).

Меѓутоа, со натпросечно изјснување за проблемот лоши услови за лекување се одликуваат испитаниците од пелагонискиот регион (24,6%).

Како што веќе споменавме, платите во Република Македонија најмногу придонесуваат во создавањето на приходите во домаќинството. Поради тоа, нè интересираше да утврдиме каков одраз има остарениот приход во домаќинството врз задоволството на испитаниците.

**Колку сте задоволни од остварените приходи во Вашето домаќинство?**




Како што можеше да се очекува, само една петтина од населението во Република Македонија се задоволни од приходите во домаќинството (1,3% сосема задоволни и 19,5% задоволни), додека 37% се незадоволни (27,3% незадоволи и 9,7% крајно незадоволни), а 42,3% ниту задоволни, ниту незадоволни.

Во однос на посебните карактеристики на анкетираните, ги добивме следните оцени за задоволството од остварените приходи во домаќинството:

**Табела 7:** *Колку сте задоволни од приходите во Вашето домаќинство, според степенот на образование*

*во %*

| | Незавршено основно | Основно | Средно | Вишо и високо | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Изразито задоволни** | | | 1 | 2,2 | 1,3 |
| **Задоволни** | 10,7 | 11,1 | 17,4 | 26,6 | 19,5 |
| **Ниту посебно задоволни, ниту посебно незадоволни** | 3,6 | 32,2 | 45,1 | 45,2 | 42,3 |
| **Незадоволни** | 42,9 | 37,8 | 27,4 | 21,8 | 27,3 |
| **Крајно незадоволни** | 42,9 | 18,9 | 9,1 | 4,3 | 9,7 |
| **Вкупно** | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Споредувајќи ги овие податоци со степенот на образованието на испитаниците, утврдуваме дека постои голема разлика во дадените одговори. Имено, најнезадоволни од приходите се испитаниците со пониско образование (незавршено основно 85,8% и основно образование 56,7%), а најзадоволни испитаниците со вишо и високо образование (28,8%)

Според регионот на кој припаѓаат, посебно незадоволни од приходите во домаќинството се испитаниците во североисточниот регион (49,0%). Со потпросечно изјаснување за модалитетот дека се незадоволни се изјасниле испитаниците од скопскиот регион (29,6%).

Инаку, има извесни разлики помеѓу групите, односно социјалните слоеви. Натпросечно изјаснување дека испитаниците се незадоволни од приходите во домаќинството се забележува кај домаќинките (54,6%), невработените (50,4%) и земјоделците (45,0%).

## 1.4. НАЈЗНАЧАЈНО ЗА УСПЕХ ВО ЖИВОТОТ

**Што е денес најзначајно за да се успее во животот?**




Истражувањето покажува дека повеќе од една третина т.е. 36,8% од испитаниците успехот во животот го гледаат во учеството или поврзаноста со власта. На второ место според одговорите е дека треба да се има пари (25%), додека да се има лична способност и образование е на трето место (21,7%). Поточно речено, „парискaта припадност" во македонското општество станува сè повеќе значаен услов за успех во животот (вработување, градење кариера, образование и слично).

Одредени отстапувања од општата структура на одговорите се забележува во однос на возраста на испитаниците.

Во поглед на ставот учество или поврзаност со власта како можност за успех во животот се чини дека значењето на овој „канал" најмногу е воочен од испитаниците на возраст 18-29 години ( 40,0%).

Во однос на преферирањето на каналот учество и поврзаност со власта, етничката припадност на испитаниците има отстапувања исто како и возраста.

Испитаниците од албанската етничка припадност (40,4%) во споредба со општата дистрибуција (36,8%) во најголем број случаи успехот во животот го гледаат преку учеството или поврзаноста со власта. Од друга страна, испитаниците од турската етничка припадност успехот во животот го гледаат во тоа да се има пари (40,7%).

**Табела 8:** *Што е денес најзначајно за да се успее во животот, според возраста*

*во %*

| | 18-29 г. | 30-39 г. | 40-49 г. | 50-65 г. | Над 65 г. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да се има лична способност и образование** | 25,4 | 22,5 | 20 | 20,4 | 13,2 | 21,7 |
| **Да се биде чесен и праведен** | 11,3 | 15,9 | 12,5 | 23 | 33 | 16,6 |
| **Да се има пари** | 23,3 | 22,5 | 31,8 | 25,7 | 18,7 | 25 |
| **Учество или поврзаност со власта** | 40 | 39,1 | 35,7 | 30,9 | 35,2 | 36,8 |
| **Вкупно** | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Извесен степен на нарушување на општата структура на одговорите за успехот во животот се забележува во однос на степенот на образованието на испитаниците. Со натпросечно изјаснување дека учеството или поврзаноста со власта е најзначаен канал за успех во животот се одликуваат испитаниците со вишо и високо образование (38,3%), односно 29,4% од нив се изјасниле за ставот да се има лична способност и образование.

Социјалниот статус на испитаниците е следниот фактор кој покажува отстапувања во однос на општата дистрибуција. Во таа смисла, натпросечно изјаснување за ставот да се има лична способност и образование превладува кај земјоделците (40,0%), студентите (35,4%) и вработените во јавниот сектор (30,2%).

Меѓутоа, со натпросечно изјаснување за учество и поврзаност со власта се одликуваат социјалните групи вработени во приватниот сектор (40,5%) и невработени (39,1%).

Определбата за успех во животот да се има пари е најзастапена кај домаќинките (44,2%), а да се биде чесен и праведен кај пензионерите (31,5%).

## ЗАКЛУЧОЦИ

На неисправноста на општествените процеси и појави во Република Македонија најмногу се уверени граѓаните на возраст од 18-29 години (79,4%), Албанците (91,7%), лицата со незавршено основно образование (78,5%), домаќинките (81,8%), студентите (81,3%), испитаниците во селските населби (73,3%), поддржувачите на партијата која е дел од опозицијата (86,8%) и испитаниците од полошкиот (87,9%) и југозападниот регион (75,5%).

Анализата укажува на тоа дека поголем број на оптимисти во поглед на запирањето на неповолните движења во економијата и останатите настани има помеѓу возрасните над 65 години (27,5%), земјоделците (40%), граѓаните поддржувачи на партијата која е дел од власта (29,7%), пелагонискиот регион (30,9%), вардарскиот регион (36,3%) и југоисточниот регион (29,6%). Поизразените ведри тонови кај земјоделците и возрасните се веројатно поради материјалните услови (субвенциите кај земјоделците и социјалните привилегии на пензионерите).

Опаѓањето на животниот стандард нема еднакво влијание врз задоволството од остварените приходи во домаќинството. Така, на пример, кај испитаниците со пониско образование (незавршено основно – 85,8%, основно образование – 56,7%), домаќинките (54,6%) и кај испитаниците во североисточниот регион (49,0%) се намалуваат и онака минималните средства за исхрана, облека, школување и сл.

Во поглед на значајноста за постигнување на успех во животот, резултатите од истражувањето укажуваат на тоа дека најзначаен „канал“ во Република Македонија е учеството или поврзаноста со власта (36,8%). Натпросечно за овој модалитет се изјасниле испитаниците на возраст од 18-29 години, Албанците (40,4%), вработените во приватниот сектор (40,5%), поддржувачите на партија која е дел од опозицијата (47, 8%), испитаниците од југозападниот регион (52,7%) и полошкиот регион (41,3%).

УДК 504(497.7)(047)

***Д-р Климе Бабунски***
klimeb@isppi.ukim.edu.mk

# ПРИТИСОК ВРЗ „ЗЕЛЕНА МК“

## ВОВЕД

Во истражувањето на „Јавното мислење во Република Македонија – 2014“ беше актуелизирано ново проблемско подрачје, нова тема, која досега, барем во последните 20-ина години не беше одделна тема во истражувањата на јавното мислење од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.[1]

Станува збор за екологијата или за животната средина, тема која во 2014 година беше вонредно присутна и ја преокупираше јавноста во Македонија. Оттука, одлуката истражувачкото внимание да се фокусира во овој правец се покажа сосема правилна, имајќи ги на ум бројните граѓански протести против загадувањето во најголемите градови во Македонија: Скопје, Битола, Тетово,[2]

[1] Според консултации со познавачи на еколошката сцена во Македонија, истражувања од овој формат: јавно мислење за климатските промени и проблемите со загадената животна средина, врз основа на национален примерок, се дефицитарни во Република Македонија. Имено, правени се истражувања тематски слични, но ограничени на одделен регион или на одделен сегмент од општата популација.

[2] Протестите на граѓаните во овие градови беа насочени против загаденоста на воздухот, односно против неколку големи фирми, кои истовремено беа/се и главни загадувачи и против Владата, која дозволи пролонгирање на рокот за вградување на филтри за пречистување на воздухот.

но и протестите за зачувување на природата во националните паркови.[3]

Заштитата на животната средина, несомнено е вонредно комплексно подрачје, па со оглед на таквата повеќезначајност, моравме оваа сложена тема да ја редуцираме на одделни аспекти. Ваквото „селективно упростување“ беше условено од две основни причини. Од една страна, самата природа на истражувањето беше мозаична од содржински аспект, односно истражувачкиот фокус беше насочен кон повеќе различни сфери; и, од друга страна, нагласено ограничените ресурси, пред сè, финансиски, цврсто условуваа секоја одделна тема да биде „штедливо“ покриена. Но, наспроти посочените скромни можности, сепак сме убедени дека со истражувањето успеавме да ги посочиме главните точки кои имаа(т) важна улога во создавањето на јавното мислење за животната околина и проучувањето на ставовите на јавноста за оваа тема.

Во оваа смисла истражувањето на ставовите на јавноста за животната околина беше сосредоточено кон следниве елементи:

- Климатските промени и важноста на заштитата на животната околина
- Загаденоста на животната околина и (не)работата на институциите
- Најчести проблеми со загаденоста, граѓански активизам и притисоци.

## 1. КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ И ВАЖНОСТА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА ОКОЛИНА

1. 1. Првото прашање во врска со климатските промени имаше цел да ја утврди основната диоптрија низ која граѓаните ги перципираат климатските промени. Соодветно на добиените одговори од испитаниците, во македонската јавност недвосмислено доминира ставот дека се работи за глобална појава или процес.

Имено, над две третини од анкетираните (**69,6%**) одговориле дека **климатските промени** (поројни и почести дождови, благи зими, речиси без снег, врнежливи и не многу жешки лета), **во регионот и во Македонија се „дел од процесот на глобалното затоплување”**. Далеку е помал бројот на испитаници, околу една петина (**22,8%**), кои на климатските промени гледаат како на **„изолирана регионална или локална појава”**. Бележито мал број испитаници (**7,6%**) не дале одговор или одговориле дека **„не знаат“** како да ги класифицираат актуелните климатски промени. (Слика 1)

3 Овде се работи за судирот околу проектот на Владата и Електрани на Македонија за изградба на 18 хидроенергетски капацитети, вклучувајќи ги и Бошков Мост и Луково Поле, на територијата на националниот парк „Маврово“, на што остро и аргументирано се спротивставија неколку еколошки здруженија, особено Еко-свест и Фронт 21/42, активирајќи го и Советот на Европа.




**Слика 1:** *Ставови за климатските промени*

Ваквата структура на одговори покажува голема постојаност, односно не се забележуваат статистички значајни промени во зависност од различните социо-демографски белези на испитаниците.

**1. 2. Второто прашање** во оваа група имаше цел да ги идентификува ставовите на јавноста за **причините на климатските промени**. И во овој контекст истражувањето покажува голема хомогеност на ставовите на испитаниците или доминација на една од понудените алтернативи. Имено, **две третини од испитаниците (68,8%) причините за климатските промени** ги гледаат во **„загадувањата на животната околина предизвикани од човекот“**. Далеку помал број испитаници (**26,2%**), го прифатиле спротивниот став, односно причината за климатските промени првенствено ја гледаат во **„природните климатски процеси и промени, кои се независни од човекот“.** Занемарливи (**5,1%**) од испитаниците одговориле дека **„не знаат“** да ја идентификуваат причината за климатските промени или не дале никаков одговор. (Слика 2)

И во овој случај, како и кај претходното прашање, посочената структура на одговори не покажува значајни разлики во однос на одделни социо-демографски варијабли.




**Слика 2:** *Причини за климатските промени*

**1.3. Третото** и последно **прашање** во контекст на одредување на основната „еколошка диоптрија“ на јавноста, го утврдуваше принципиелниот став на испитаниците за **важноста на заштитата на животната околина**, преку избор на еден од два, меѓу себе јасно спротивставени искази. Имено, испитаниците требаше да одберат дали повеќе се согласуваат со заштита на животната околина, дури и по цена на забавен стопански развој, или повеќе се согласуваат со забрзан економски развој, дури и по цена на штети за животната околина.

Добиените одговори не оставаат простор за двоумење, со што се испраќа јасна порака до сите кои учествуваат во создавањето и извршувањето на политиката за заштита на животната околина. Доминантни **71,1%** од анкетираните **гласале за заштита на животната околина, дури и по цена на побавен економски развој, а со спротивниот став**: забрзан стопански развој, дури и по цена на штети за животната околина **се согласуваат 28,9%**. (Слика 3)




**Слика 3:** *Заштита на животна околина наспроти стопанскиот развој*

Посочениот доминантен став, кој покажува нагласена „екологизирана“ свест, покажува и сосема солидна цврстина во ваквиот светоглед, а одредени отстапувања од посочената структура на одговори се бележат во зависност од минимален број социо-демографски варијабли.

Бележито намалување на важноста на заштита на животната средина во однос на забрзан стопански развој се среќава кај анкетираните Албанци – 57,6% и Турци – 51,9%, што се рефлектира како отстапување и кај испитаниците со исламска вероисповест – 57,8%. (Табела 1 и Табела 2)

**Табела 1:** *Заштита на животна околина или стопански развој / Етничка припадност*

| Со кој од следниве искази повеќе се соглаувате? | Етничка припадност | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Македонска | Албанска | Турска | Друго | |
| **На заштитата на животната средина треба да и се даде приоритет и по цена на побавен стопански развој** | 78,3% | 57,6% | 51,9% | 69,9% | 71,1% |
| **На економскиот развој треба да му се даде приоритет и по цена на одредена штета за животната околина** | 21,7% | 42,4% | 48,1% | 30,1% | 28,9% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

**Табела 2:** *Заштита на животна околина или стопански развој / Верска припадност*

| Со кој од следниве искази повеќе се соглаувате? | Верска припадност | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Православна | Исламска | Друга | Атеист | |
| **На заштитата на животната средина треба да и се даде приоритет и по цена на побавен стопански развој** | 78,6% | 57,8% | 73,7% | 67,6% | 71,1% |
| **На економскиот развој треба да му се даде приоритет и по цена на одредена штета за животната околина** | 21,4% | 42,2% | 26,3% | 32,4% | 28,9% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Сепак, најголема разлика во согласноста со едниот или со другиот став се забележува од аспект на одделни региони: рекорден број испитаници – 92,6% од југоисточниот регион ја претпочитаат заштитената животна околина, наспроти забрзан стопански развој; а во полошкиот регион ист став искажале 53,7% испитаници. (Табела 3)

**Табела 3:** *Заштита на животна или стопански развој / Региони*

| Со кој од следниве искази повеќе се согласувате? | Регион | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Југо источен | Источен | Северо источен | Вардарски | Југо западен | Скопски | Пелаго ниски | Полошки | |
| На заштитата на животната средина треба да и се даде приоритет и по цена на побавен стопански развој | 92,6% | 75,4% | 75,5% | 80,0% | 66,4% | 66,1% | 80,2% | 57,3% | 71,1% |
| На економскиот развој треба да му се даде приоритет и по цена на одредена штета за животната околина | 7,4% | 24,6% | 24,5% | 20,0% | 33,6% | 33,9% | 19,8% | 42,7% | 28,9% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

## 2. ОЦЕНКИ ЗА ЗАГАДЕНОСТА НА ЖИВОТНАТА ОКОЛИНА И ОЦЕНКИ ЗА (НЕ)РАБОТАТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ

**2. 1.** Какви се ставовите или оценките на испитаниците за загаденоста на животната околина во Македонија, или дали и колку ваквиот проблем е сериозен беше првото прашање во овој дел од истражувањето.

Добиените резутати не оставаат простор за двоумење: **за 8 од 10 испитаници загадувањата на човековата околина предизвикани од човекот, во Македонија претставуваат сериозен проблем**! Гледано подетално, станува јасно дека **интензитетот на ваквата оценка е уште поалармантен: 55,6%** од испитаниците загаденоста на животната околина ја оценуваат како **„многу сериозен проблем“**, а **33,3%** како **„делумно сериозен проблем“**. Оние кои мислат дека загаденоста на животната околина не претставува некој голем проблем во Македонија не достигнуваат ниту 10%. Имено, **8,3%** од анкетираните одговориле дека загадувањата на животната околина во Македонија, кои се предизвикани од човекот, се **„малку сериозен проблем“**, а за **само 1%** од испитаниците ваквите загадувања **„не се никаков проблем“**. Вонредно мал број (**1,8%**) од анкетираните не одговориле или „не знаат“ да ја оценат сериозноста на проблемот со загадувањето во Македонија. (Слика 4)




**Слика 4:** *Колку се сериозни загадувањата на животната околина*

Структурата на посочените одговори, односно доминацијата на критичните ставови кога се работи за сериозноста на загаденоста на животната околина, покажува минимални промени во зависност од различните социо-демографски белези на анкетираните. Во оваа смисла, позначајни статистички разлики, односно нагласена критичност, се забележува во вардарскиот и пелагонискиот

регион, каде **следствено 75%, односно 70,6%** од испитаниците одговориле дека загаденоста е **„многу сериозен проблем“**. Од друга страна, само во два случаи се забележува различна структура на одговори, каде критичноста во основа сè уште е недвосмислено општ став на мнозинството испитаници, но бележито е намален интензитетот на критичноста. Така, испитаниците од југоисточниот регион почесто одговарале дека загаденоста е „делумно сериозен проблем“ (44,4%), отколку што е „многу сериозен проблем“ (37,0%). (Табела 4)

**Табела 4:** *Колку се сериозни загадувањата на животната околина / Региони*

| Во Македонија, загадувањата на животната околина предизвикани од човекот се: | Регион | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Југоисточен | Источен | Североисточен | Вардарски | Југозападен | Скопски | Пелагониски | Полошки | |
| Многу сериозен проблем | 37,0% | 64,0% | 57,8% | 75,0% | 54,5% | 50,3% | 70,6% | 52,4% | 55,6% |
| Делумно среизен проблем | 44,4% | 28,9% | 31,4% | 18,8% | 40,0% | 35,3% | 24,6% | 35,0% | 33,3% |
| Малку сериозен проблем | 13,9% | 6,1% | 8,8% | 3,8% | 4,5% | 11,3% | 1,6% | 9,2% | 8,3% |
| Не се никаков проблем | ,9% | ,9% | | 1,3% | | 2,3% | ,8% | | 1,0% |
| Без одговор / Не знае | 3,7% | | 2,0% | 1,3% | ,9% | ,8% | 2,4% | 3,4% | 1,8% |
| Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

**2. 2.** Фактот дека повеќе од половина испитаници загаденоста на животната околина ја оценуваат како многу сериозен проблем, упатува на потребата да се актуелизираат чинителите, чија работа или неработа е причина за сериозноста на проблемот.

Во оваа смисла, испитаниците со оценки од: „1=недоволно“ до „5=одлично“ требаше да ја оценат работата на три вида институции во контекст на заштита на животната средина. Испитаниците требаше да ја оценат работата на

централната власт (Министерство за животна средина, Влада, Собрание), медиумите (ТВ и радиостаници, весници, интернет портали) и невладините организации, како три институции, при што секоја од нив има нагласено свои задачи и улога во заштитата на животната средина.[4]

Оценките што институциите ги добиваат од испитаниците, иако различни и во основа најкритични за централната власт, а прилично изедначени и нешто подобри кога се работи за медиуми и граѓанските организации или НВО, не оставаат простор за какво и да е задоволство кај ниедна од институциите и јасно упатуваат на заклучокот дека токму неработата на институциите е основната причина за сериозноста на проблемите со загадувањата на животната средина во Македонија. Имено, меѓу една третина и една петтина од испитаниците, работата на секоја од институциите ја оцениле крајно критично и ја dале **оценката „недоволно“: централна власт - 31,3%; медиуми – 27,2% и НВО – 22,8%**. Воедно, ако на овие проценти се додадат и одговорите кои работата на институциите ја оценуваат како **„доволна“** (што со наставнички јазик би било „една срамна двојка, колку да не се повторува“) и тоа: **централна власт - 33,9%; медиуми – 32,5%** и **НВО – 32,6%**, тогаш станува јасно дека за секоја од институциите, повеќе од половина анкетирани, (за централната власт дури две третини!) имаат критички оценки, кои го произведуваат заклучокот дека овие институции повеќе несработиле, отколку што сработиле за заштита на животната средина, а и она што го сработиле е многу малку и/или е лошо сработено. (Табела 5) Нешто повеќе „тројки“ добиле медиумите и НВО во однос на централната власт; веќе кај оценката „многу добро“ постои „бележито признание“ за НВО[5] (10,1%) наспроти 4,6% за централната власт и 4,8% за медиумите. И, конечно, слабиот успех на институциите кога се работи за нивните активности во контекст на заштита на животната околина е потврден и со занемарливиот број „петки“:

• Работата на централната власт кога треба да се грижи за заштита од загадување или за намалување на загадувањето на животната околина со оценки „одличен“ ја оцениле 2,1% од анкетираните

• Работата на медиумите кога известуваат за загадувањата на животната средина со оценки „одличен“ ја оцениле 2% од анкетираните

• Активностите на НВО насочени кон заштита од загадување или намалување на загаденоста на животната средина со оценки „одличен“ ја оцениле 1,4% од анкетираните.

[4] Секако дека оваа листа на институции е прилично кратка. Во нормални истражувачки услови листата би имала барем уште три вида институции: локална власт, политички партии и стопански субјекти. Но, со оглед на веќе посочената „нужна штедливост“, овој пат, истражувањето мораше да се реализира со преполовена листа.

[5] Бележитоста на признанието не се темели на големиот број „четворки“ за НВО, туку на големата разлика во оценките меѓу НВО, од една страна, и централната власт и медиумите, од друга страна.

**Табела 5:** *Оценки за (не)работата на институциите*

| Оценки | Централна власт | Медиуми | НВО |
|---|---|---|---|
| **Недоволно (1)** | 31,3% | 27,2% | 22,8% |
| **Доволно (2)** | 33,9% | 32,5% | 32,6% |
| **Добро (3)** | 28,2% | 33,6% | 33,2% |
| **Многу добро (4)** | 4,6% | 4,8% | 10,1% |
| **Одлично (5)** | 2,1% | 2,0% | 1,4% |
| **Средна оценка** | 2,12 | 2,22 | 2,35 |

На крајот од претставувањето на ставовите на испитаниците, како „крунски доказ“ за неработа или за едвај доволниот успех, кога се работи за заштита на животната средина, се и средните оценки. Секоја од институциите е оценета со „слаба двојка“, што е далеку и од поттикнувачкиот „два плус“, а следствено на веќе посочените проценти, централната власт има најслаба оценка – 2,12, а НВО добиле најголема оценка – 2,35.

Во рамки на вкрстените податоци, отстапувањата во зависност од одредена варијабла најчесто претставуваат отстапувања од посочениот интензитет, но сепак во рамки на иста одделна оценка, при што многу ретко ваквите отстапувања доведуваат до различна хиерархија на оценки, споредено со општата дистрибуција.

Сепак, во оваа смисла, индикативно е дека во Скопје рекорден број испитаници – 42,8% работата на централната власт за заштита на животната средина ја оцениле како недоволна! (Табела 6)

**Табела 6:** *Оценки за (не)работата на централната власт / Населено место*

| Работата на централаната власт во зачувување на животната околина е: | Населено место | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | село | град до 30.000 | град над 30.000 | Скопје | |
| **Недоволна** | 25,6% | 28,6% | 32,2% | 42,8% | 31,3% |
| **Доволна** | 36,2% | 30,8% | 38,8% | 27,2% | 33,9% |
| **Добра** | 32,0% | 31,3% | 21,7% | 25,6% | 28,2% |
| **Многу добра** | 4,9% | 5,4% | 5,8% | 2,0% | 4,6% |
| **Одлична** | 1,3% | 4,0% | 1,4% | 2,4% | 2,1% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Следствено, натпросечна критичност се забележува и во скопскиот регион, како и во пелагонискиот регион, каде 39,5% односно 40,5% од анкетираните активностите на централната власт ги оцениле со „1“. Наспроти ова се оценките на анкетираните во југоисточниот регион, каде работата на централната власт како недоволна ја оцениле само 16,7% од анкетираните, односно дури 43,5% од испитаниците во истата група работата ја оцениле како добра.

Многу слична ситуација се бележи и кога се работи за оценување на медиумите. Во рамки на градското население, анкетираните од Скопје покажуваат рекордна критичност: 37,6% од испитаниците известувањето на медиумите за животната околина го оцениле со „1“! (Табела 7)

**Табела 7:** *Оценки за (не)работата на медиумите / Населено место*

| Работата на медиумите во зачувување на животната околина е: | Населено место | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | село | град до 30.000 | град над 30.000 | Скопје | |
| **Недоволна** | 22,0% | 23,7% | 29,0% | 37,6% | 27,2% |
| **Доволна** | 33,3% | 29,5% | 38,0% | 27,6% | 32,5% |
| **Добра** | 37,6% | 38,8% | 27,2% | 28,8% | 33,6% |
| **Многу добра** | 5,8% | 4,5% | 5,1% | 2,8% | 4,8% |
| **Одлична** | 1,3% | 3,6% | ,7% | 3,2% | 2,0% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

И во овој случај, од аспект на одделни региони, кон медиумите, најкритични или најголем процент оценки „недоволен“ дале анкетираните од скопскиот (35,6%) и од пелагонискиот (39,7%) регион, за разлика од југоисточниот регион, каде вакви оценки дале само 9,3%. Од друга страна, во рамки на овој регион, најбројни се испитаниците кои работата на медиумите ја оцениле како „добра“ – 50%.

Дел од претходно посочените отстапувања се присутни и кога се работи за одговорите во врска со активностите на НВО, односно најголеми разлики се забележуваат меѓу одделните региони. Најголемо незадоволство постои кај анкетираните од југозападниот и пелагонискиот регион, каде 47,3% односно 31,7%, следствено, работата на НВО ја оцениле како „недоволна“. Од друга страна во полошкиот регион само 16% од испитаниците ја дале ваквата оценка, а во југоисточниот регион занемарливи 1,9% работата на НВО ја оцениле како „недоволна“, а рекордни 52,8%, работата на НВО ја оцениле како „добра“. (Табела 8)

**Табела 8:** *Оценки за (не)работата на НВО / Регион*

| Работата на НВО во зачувување на животната околина е: | Регион | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Југоисточен | Источен | Североисточен | Вардарски | Југозападен | Скопски | Пелагониски | Полошки | |
| **Недоволна** | 1,9% | 22,8% | 8,8% | 30,0% | 47,3% | 24,6% | 31,7% | 16,0% | 22,8% |
| **Доволна** | 30,6% | 30,7% | 47,1% | 17,5% | 35,5% | 29,1% | 38,1% | 34,5% | 32,6% |
| **Добра** | 52,8% | 34,2% | 33,3% | 37,5% | 13,6% | 32,2% | 20,6% | 40,3% | 33,2% |
| **Многу добра** | 13,9% | 11,4% | 10,8% | 7,5% | 3,6% | 12,4% | 7,1% | 9,2% | 10,1% |
| **Одлична** | ,9% | ,9% | | 7,5% | | 1,7% | 2,4% | | 1,4% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

## 3. НАЈЧЕСТИ ПРОБЛЕМИ ОД ЗАГАДЕНА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПОДГОТВЕНОСТ ДА СЕ ДЕЛУВА

Во рамките на овој дел, истражувањето беше насочено кон две меѓусебно поврзани точки. Од една страна, испитаниците беа прашувани за одделни видови загадувања на животната средина со кои тие најчесто се среќаваат, а од друга страна, беа прашувани што тие се подготвени да направат ако не се задоволни со заштитата на животната околина.

**3. 1.** „**Проблем број 1“** во контекст на загадена животна средина или проблем со кој најчесто се среќаваат најголем дел од испитаниците **(39,8%) е загадениот воздух**. Како **втор најчест проблем**, според одговорите на анкетираните **(15,2%)** се јавува **„недостатокот од вода за пиење“,** а за речиси секој десетти испитаник **(9,7%) најчест проблем** претставува **„загадената вода за пиење“**.[6]

Останатите проблеми од загадената животна околина претставуваат „најчест проблем“ за релативно изедначен број испитаници, чија бројност не надминува 10% од анкетираните: ширење на градови, губење или уништување на слободен јавен простор, уништување на природа и земјоделско земјиште – 8,7%, загадени реки и езера – 6,8%, преголема бучава, звучно загадување – 6,3%, загадена храна – 5,4% и истребување на животни и растенија – 2,3%. Соодветно на претходните податоци, каде минимален број анкетирани оцениле дека загаденоста не е никаков

[6] Последните два проблеми, со оглед на нивната заедничка природа: проблеми со вода за пиење (недостаток или загаденост) како последица од загадувањето на животната околина, може и збирно да се поимаат. Оттука, како најчести проблеми со загадената животна средина се загадениот воздух – 40% од испитаниците и проблеми со вода за пиење – 25% од испитаниците.

проблем, и во овој случај најмал е бројот на испитаници (**4,6%**) кои одговориле дека **„не се среќаваат со проблеми од загадена животна средина“**. Воедно, само 1,4% од анкетираните не знаеле да дадат одговор на ова прашање. (Табела 9)

**Табела 9:** *Најчести проблеми од загадена животна околина*

| | % |
|---|---|
| **недостаток од вода за пиење** | 15,17 |
| **загаден воздух** | 39,83 |
| **загадена вода за пиење** | 9,67 |
| **преголема бучава , збучно загадување** | 6,25 |
| **загадени реки, езера** | 6,75 |
| **загадена храна** | 5,42 |
| **истребување на животни и растенија** | 2,25 |
| **ширење на градови, губење или уништување на слободен јавен простор, уништување на природа и земјоделско земјиште** | 8,67 |
| **не се среќава со проблеми од загадена животна средина** | 4,58 |
| **без одговор / не знае** | 1,42 |
| **Вкупно** | 100,00 |

Посоченииот редослед на проблеми во основа е стабилен, а позначајни статистички отстапувања се јавуваат во зависност од образовниот степен, типот на населено место и регионот:

• Испитаниците со најнизок степен на образование (незавршено основно, односно основно образование) покажуваат натпросечна изедначеност дека „најчест проблем“ им е „недостатокот од вода за пиење“, односно „загадениот воздух“. Може да се каже дека овие податоци јасно упатуваат на поврзаноста меѓу образованието и квалитетот на животот.

• Типот на населено место условува анкетираните од Скопје, во споредба со сите други, вонредно почесто (59,6%) „загадениот воздух“ да го оценат како „проблем бр. 1“, а истовремено „недостаток од вода за пиење“ – 4% и/или „загадената вода за пиење“ – 3,2% се најчести проблеми за вонредно мал број анкетирани Скопјани.

Потврда повеќе дека степенот на урбанизација ги зголемува одделните проблеми со загадена животна околина се добива и од аспект на **одделни региони**. Така, за испитаниците од скопскиот и од пелагонискиот регион, натпросечен „проблем бр. 1“ е „загадениот воздух“. „Недостатокот од вода за пиење“ е натпросечно чест проблем во полошкиот регион, но и во североисточниот регион, каде овој проблем е почест во споредба со „загадениот воздух“. Од друга страна, во вардарскиот регион бележито е најголем бројот на испитаници кои одговориле дека „не се среќаваат со проблеми од загадена животна околина“. (Табела 10)

**Табела 10:** *Најчести проблеми од загадена животна околина / Регион*

| | Регион | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Југоисточен | Источен | Североисточен | Вардарски | Југозападен | Скопски | Пелагониски | Полошки | |
| недостаток од вода за пиење | 12,0% | 14,9% | 26,5% | 6,3% | 20,0% | 7,6% | 9,5% | 28,6% | 15,2% |
| загаден воздух | 19,4% | 35,1% | 22,5% | 31,3% | 34,5% | 56,2% | 46,0% | 35,9% | 39,8% |
| загадена вода за пиење | 13,0% | 16,7% | 12,7% | 10,0% | 6,4% | 4,0% | 17,5% | 9,2% | 9,7% |
| преголема бучава, звучно загадување | 6,5% | 4,4% | 8,8% | 16,3% | 7,3% | 5,6% | 5,6% | 2,9% | 6,3% |
| загадени реки, езера | 16,7% | 5,3% | 3,9% | 8,8% | 12,7% | 2,8% | 6,3% | 6,8% | 6,8% |
| загадена храна | 8,3% | 12,3% | 6,9% | 1,3% | 3,6% | 4,0% | ,8% | 7,3% | 5,4% |
| истребување на животни и растенија | 1,9% | 1,8% | 5,9% | 2,5% | ,9% | 2,3% | 4,0% | ,5% | 2,3% |
| ширење на градови, губење или уништување на слободен јавен простор, уништување на природа и земјоделско земјиште | 16,7% | 4,4% | 12,7% | 5,0% | 10,9% | 10,7% | 4,8% | 3,9% | 8,7% |
| не се среќава со проблеми од загадена животна средина | 4,6% | 5,3% | | 13,8% | 3,6% | 5,4% | 4,0% | 2,4% | 4,6% |
| без одговор/ не знае | ,9% | | | 5,0% | | 1,4% | 1,6% | 2,4% | 1,4% |
| | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

На прашањето: „Со кои проблеми од загадена животна средина, Вие и членовите на Вашето семејство најчесто се среќавате?“, беа можни повеќе одговори, со оглед на реално претпоставената можност испитаниците секојдневно да се среќаваат со повеќе различни проблеми. Добиените податоци во ваков контекст[7] укажуваат на различен редослед од веќе посочената хиерархија на проблеми од загадената животна околина, а истовремено, вака добиените одговори, имајќи го предвид фактот дека во реалното секојдневие се среќаваме со повеќе проблеми од загадена животна средина, поверодостојно упатуваат на загадената животна околина.

Според вкупниот број одговори, загаденоста на животната средина е доминирана од два, или попрецизно од три вида загаденост. И во овој случај, „**загадениот воздух**“ е **најчест проблем – 28,7%!** Навидум неочекувано, како втор најчест проблем е „ширењето на градови, губење или уништување на слободен јавен простор, уништување на природа и земјоделско земјиште“ – 14,34%, нешто што задолжително се јавува како резултат на примитивна, лошо планирана, па дури и криминална урбанизација и/или индустријализација, а што е својствено за општества и држави каде не постојат соодветни закони за заштита на животната околина или, ако постојат, токму поради „сеприсутна корупција и криминал“ не се почитуваат. Воедно, ако го прифатиме претходно посочениот став - дека на проблемите со вода за пиење може да се гледа „збирно“, што ја покрива и „загаденоста на водата за пиење“ – 11,84% и „недостатокот од вода за пиење“ – 9,58%, тогаш „проблем бр. 2“ – 21,42% се проблемите со вода за пиење. (Табела 11)

Потоа, според бројот на одговори, следат прилично подеднакво присутни проблеми, кои ја комплетираат црната слика за животната околина:

• 10,09% - преголема бучава, звучно загадување;

• 9,48% - загадена храна и

• 9,20% - загадени реки, езера.

Овде треба да се потенцира дека добиените податоци за проблемите од загадената животна околина со кои граѓаните најчесто се среќаваат упатуваат на **крајно загрижувачка состојба**. Имено, гледано според процентот на одговори, не постојат еден или два најчести проблеми, туку цела низа проблеми - од загаден воздух и вода, преку уништување на слободниот јавен простор, на природата и на земјоделското замјиште, па сè до загадените реки и езера.

[7] Во овој контекст, кога се можни повеќе одговори, категоријата „вкупно“ или 100% се однесува на вкупниот број добиени одговори, а во случаите кога е можен само еден одговор или кога се претставени само податоците од првиот одговор, категоријата „вкупно“ или 100% се однесува на вкупен број испитаници.

**Табела 11:** *Најчести проблеми од загадена животна околина – вкупен број одговори*

| | прв одговор | втор одговор | трет одговор | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **недостаток од вода за пиење** | 15,17% | 2,11% | 2,73% | 9,58% |
| **загаден воздух** | 39,83% | 14,91% | 7,03% | 28,07% |
| **загадена вода за пиење** | 9,67% | 17,62% | 7,03% | 11,84% |
| **преголема бучава, збучно загадување** | 6,25% | 16,11% | 12,50% | 10,09% |
| **загадени реки, езера** | 6,75% | 11,45% | 14,84% | 9,20% |
| **загадена храна** | 5,42% | 12,35% | 21,09% | 9,48% |
| **истребување на животни и растенија** | 2,25% | 6,17% | 6,64% | 4,01% |
| **ширење на градови, губење или уништување на слободен јавен простор, уништување на природа и земјоделско земјиште?** | 8,67% | 19,28% | 28,13% | 14,34% |
| **не се среќава со проблеми од загаденачивотна средина** | 4,58% | 0,00% | 0,00% | 2,59% |
| **без одговор/не знае** | 1,42% | 0,00% | 0,00% | 0,80% |
| **Вкупно** | 100,00% | 100,00% | 100,00% | 100,00% |

**3. 2.** Уште при конципирање на истражувањето, антиципирајќи ги состојбите со заштитита на животната средина како незадоволителни, предвидовме и прашања, со кои испитаниците не само што ќе ја оценуваат работата на различни институции, туку ќе треба да посочат на каков начин тие самите би се активирале, што би направиле ако мислат дека заштитата на животната околина е недоволна.

Поставеното прашање во оваа смисла гласеше: „Ако сте незадоволни од заштитата на животната околина во Република Македонија, што од следново сте подготвени да направите?“, при што, испитаниците имаа можност да одберат најмногу три различни активности.

Фактот што **сосема мал број испитаници - 2,4%** одговориле дека **се задоволни со заштитата на животната средина**, односно нема потреба од додатни активности, недвосмислено ја потврдува потребата од ова прашање и истовремено ги зголемува очекувањата дека јавноста, односно испитаниците се подготвени на сериозен активизам за да се унапреди заштитата на животната средина. Во прилог на ваквата претпоставка е и податокот дека е мал бројот (7,33%) на анкетираните кои „не знаеле“ да одговорат на ова прашање.

Но, добиените одговори го рушат ваквото очекување, затоа што: **неочекувано голем број испитаници – една петтина - се обесхрабрени или „еколошки**

**депресивни“**! Имено, **22,92%** од анкетираните се согласни дека заштитата на животната средина не задоволува, но истовремено мислат дека **што и да направат од посочените активности, состојбата нема да се подобри**.

Од друга страна, еве што би направиле останатите испитаници, кои освен што се незадоволни од заштитата на животната средина, се и подготвени да направат нешто за нејзино подобрување. (Табела 12)

**Табела 12:** *Еколошки активизам*

| | Прв одговор Вкупно = испитаници | Вкупно = сите одговори |
|---|---|---|
| Ќе контактирам медиум/новинар, за јавноста да биде запознаена со проблемот | 20,08% | 15,64% |
| Ќе контактирам претставник на власта, надлежна институција или владејачка партија за да се ангажира во решавање на проблемот | 12,83% | 13,88% |
| Ќе контактирам претставник од фирмата која загадува, за да се ангажира во решавање на проблемот | 7,17% | 10,16% |
| Ќе контактирам претставник од партија во опозиција за да се ангажира во решавање на проблемот | 1,92% | 3,23% |
| Ќе контактирам некоја невладина организација за да се ангажира во решавање на проблемот | 5,08% | 5,90% |
| Ќе учествувам во потпишување петиција | 14,00% | 15,64% |
| Ќе учествувам во протестен собир на граѓани | 5,50% | 8,52% |
| Ќе учествувам во блокирање на улици и објекти | 0,75% | 2,37% |
| Незадоволен сум од заштитата на животната околина, но што и да направам од овие активности, заштитата на животната околина нема да се подобри | 22,92% | 17,53% |
| Задоволен сум од заштитата на животната околина - нема потреба од додатни активности | 2,42% | 1,77% |
| Без одговор/Не знае | 7,33% | 5,36% |
| Вкупно | 100,00% | 100,00% |

Очигледно, најголемиот број од испитаниците веруваат дека унапредувањето на животната средина треба да почне со обелоденување на проблемот: секој петти испитаник (20,08%) е подготвен да контактира медиуми за да биде јавноста запознаена со проблемот; воедно, секој десетти испитаник е подготвен да потпише петиција (14%); а речиси ист е бројот (12,83%) на оние кои за да го решат проблемот би контактирале претставник на власта или претставник на владеачката партија. Помал број испитаници (7,17%) решавањето на проблемот би го барале во контакт со претставник од фирмата која загадува.

Од друга страна, индикативно е дека бележито мал број, а истовремено и речиси ист број испитаници - 5,08% би контактирале некоја невладина организација, односно 5,50% би учествувале во протестен собир на граѓани со цел да придонесат за заштита на животната средина.

На крајот, многу индикативно е нагласено малиот број испитаници (1,92%) кои решавањето на проблемот го гледаат во контакт со претставник од партија во опозиција; а само неколкумина испитаници (0,75%) решението би го побарале во „блокирање на улици и објекти“.

Хиерархијата на одговори, во основа, е иста и кога се работи за „вкупен број одговори“, а има **индиции дека во ситуација на повеќе средства или повеќе фази, „граѓанскиот еколошки активизам“ станува подиректен и поенергичен**. Имено, зголемување од околу три проценти (што значи многу почесто втор или трет одговор, отколку прв одговор) се забележува кај: „Ќе контактирам претставник од фирмата која загадува за да се ангажира во решавање на проблемот“, односно „Ќе учествувам во протестен собир на граѓани“.

**3. 3.** Последното прашање во контекст на незадоволството од заштитата на животната средина и врз таква основа подготвеноста да се делува за да се подобри заштитата, беше насочено кон истражување на ставот на испитаниците за „општата клима во општеството, како природна околина“ која, и директно и индиректно, влијае врз оние кои протестираат за да се подобри заштитата на животната средина.

На принципиелно-концепциско ниво ваквата насоченост претставува неопходно изострување на истражувачкиот пристап, а добиените податоци емпириски ја потврдуваат правилноста на пристапот. „Изострувањето“ треба да се гледа како создавање на клучна низа на податоци, како основа за идентификување и поимање на општата еколошка свест на јавноста, која информираноста и ставовите на граѓаните за климатските промени, за загадувањата и заштитата на животната средина ги става во реален и конкретен општествен контекст, со што се обезбедуваат комплетни податоци, односно податоци не само за „еколошката информираност“, туку и за потенциите на критичко-активистичката димензија на еколошката свест на јавноста.

Поставеното прашање гласеше: „Колку се согласувате со ставот: *Оние кои јавно протестираат затоа што се незадоволни од заштитата на животната околина ќе бидат изложени на притисоци и закани.*“ Повеќе од половина испитаници (**55,7%**) **се согласуваат со ваквиот став**, наспроти останатите (44,3%) кои не се согласуваат.

Моќта на ваквата општа ориентација на испитаниците е појасно забележлива ако се имаат предвид подеталните податоци од каде се „чита“ интензитетот на согласноста. Така, иако бројот на испитаниците кои „се согласуваат“ (38,4%) или „не се согласуваат“ (39,5%) со посочениот став е речиси ист, бројот на оние кои „**сосема се согласуваат**“ (17,3%) е **три пати поголем** од бројот на анкетираните кои „**сосема не се согласуваат**“ (4,8%). (Слика 5)




**Слика 5:** *Притисоци и закани врз оние кои протестираат*

Отстапувања од посочената „согласност – несогласност“ се забележуваат од аспект на регионот на анкетираните, и тоа во случајот на југоисточниот и североисточниот регион, каде повеќе од половина од анкетираните не се согласуваат со посочениот став. (Табела 13)

**Табела 13:** *Притисоци и закани врз оние кои протестираат/Региони*

| | Регион | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Југоисточен | Источен | Североисточен | Вардарски | Југозападен | Скопски | Пелагониски | Полошки | |
| **сосема се согласувам** | 20,4% | 22,8% | 2,9% | 16,3% | 9,1% | 19,5% | 19,0% | 19,4% | 17,3% |
| **се согласувам** | 23,1% | 36,0% | 31,4% | 48,8% | 40,9% | 41,0% | 36,5% | 42,7% | 38,4% |
| **не се согласувам** | 48,1% | 35,1% | 53,9% | 32,5% | 47,3% | 37,6% | 38,1% | 33,0% | 39,5% |
| **сосема не се согласувам** | 8,3% | 6,1% | 11,8% | 2,5% | 2,7% | 2,0% | 6,3% | 4,9% | 4,8% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Истовремено, треба да се потенцира дека политичката насоченост на испитаниците претставува додатен фактор кој ја предодредува „(не) согласноста" со ставот: „Оние кои јавно протестираат затоа што се незадоволни од заштитата на животната околина ќе бидат изложени на притисоци и закани." Имено, само во групата испитаници кои поддржуваат партија која е дел од власта, повеќе од половина испитаници (55,4%) не се согласуваат со посочениот став, а во групите анкетирани кои не поддржуваат ниту една партија (59,5%), односно поддржуваат партија која е дел од опозицијата (62,5%), недвосмислено повеќе од половина испитаници, поточно околу две третини од анкетираните, во секоја од посочените групи, се согласни дека искажувањето јавно незадоволство од лоќата заштитата на животната околина ќе ги изложи на притисоци и закани. (Табела 14)

**Табела 14:** *Притисоци и закани врз оние кои протестираат / Политичка насоченост*

| | | Политичка насоченост | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Поддржува партија која е дел од власта | Поддржува партија која е дел од опозицијата | Не поддржува ниту една партија | |
| | **сосема се согласувам** | 13,4% | 26,5% | 17,3% | 17,3% |
| | **се согласувам** | 31,3% | 36,0% | 42,2% | 38,4% |
| | **не се согласувам** | 49,4% | 28,7% | 37,0% | 39,5% |
| | **сосема не се согласувам** | 6,0% | 8,8% | 3,6% | 4,8% |
| **Вкупно** | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи ги на ум изнесените податоци, ставовите на јавноста во врска со животната средина може да се сумираат во четири основни точки:

1. Јавноста, односно испитаниците, покажуваат завидна еколошка информираност и свест, што се потврдува во поимањето на климатските

промени и причините за нив, како и во давањето предност на здравата животна средина во однос на побрзиот економски развој.

2. Два елемента, едниот: за повеќе од половина испитаници загаденоста на животната средина е „многу сериозен проблем“, а другиот: оценките што испитаниците им ги даваат на институциите во контекст на зачувување на животната средина, нужно упатуваат на итна промена во досегашната (не) работа на институциите.

3. Медицински кажано, јавноста е сериозно заболена од „еколошка депресивност“: секој петти испитаник верува дека што и да направи, состојбата со заштитата на животната околина нема да се подобри. Ваквата депресивност е уште поалармантна ако се има на ум претходно посоченото правилно поимање на климатските промени.

4. Во Македонија не само што здравата животна средина е пред исчезнување - загаденоста за повеќе од половина од испитаниците е „многу сериозен проблем“, туку уште позагрижувачки е што не постои ниту „здрава општествена околина“ или „здрава општествена клима“ во која еколошката свест ќе може слободно да се изразува и да функционира - повеќе од половина испитаници веруваат дека ако јавно протестираат против загадувањето на животната околина ќе бидат изложени на притисоци и закани. Сè додека состојбите во овој сегмент не бидат изменети, загадувањето, како последица на одделни интереси, ќе доминира над јавниот интерес за здрава животна средина.

УДК 323.15(497.7)(047)

***Проф. д-р Емилија Симоска***
simoskae@gmail.com

# МЕЃУЕТНИЧКИ ОДНОСИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Омилена тема во политичката реторика во Република Македонија е влошувањето или подобрувањето на меѓуетничките односи, најчесто заради натпреварување меѓу политичките партии. За жал, вообичаено, констатациите на македонските политичари се без емпириска поткрепа. Со цел да се добие увид во перцепцијата на граѓаните, во ова истражување беа поставени неколку прашања за статусот на меѓуетничките односи, како и факторите за нивно влошување или подобрување. Податоците покажаа дека најголемиот дел од испитаниците - 52% сметаат дека меѓуетничките односи последниве две години се исти, 32% ги гледаат како влошени, 9% изјавиле дека тие се подобриле и 7% не знаат.

Од аспект на полот на испитаниците нема речиси никакви разлики, а во однос на возраста разликите се забележливи, но не и преголеми. Така, категоријата која меѓуетничките односи ги оценува како „исти“ е еднакво присутна кај сите возрасни групи (2-3% разлика). Меѓутоа, кај граѓаните со над 65 години старост и оние од 40-49 години има мали специфики: тие во поголема мера ги оценуваат односите како влошени (32%), за разлика, на пример, од помладите испитаници кај кои овој одговор е присутен со околу една четвртина.

Ваквите перцепции секогаш биле различни кај одделните етнички групи. Речиси секогаш во сите претходни истражувања изминативе две децении

Албанците во поголема мера ги оценувале меѓуетничките односи како влошени. Тоа е случај и во ова истражување, меѓутоа разликите не надминуваат 10% (за разлика од претходни истражувања кога се движеле и над 30%). Следнава табела ги компарира овие вредности кај македонската и албанската популација (со оглед на малиот процент на другите етнички групи).

**Дали според Вас во последниве 2 години меѓуетничките односи се влошиле или подобриле?**

| | Македонци | Албанци |
|---|---|---|
| **се влошиле** | 30% | 37% |
| **се подобриле** | 11% | 5% |
| **исти се** | 54% | 50% |
| **не знам** | 6% | 8% |
| **вкупно** | 100% | 100% |

Од аспект на образованието на испитаниците, влошување на меѓуетничките односи повеќе чувствуваат испитаниците со понизок степен на образование (41% со завршено основно), за разлика од оние со високо или средно, каде процентот е по 30%. Меѓутоа, не постои и обратна пропорционалност. Поточно, разликата кај високообразованата популација се должи на перцепцијата дека меѓуетничките односи се исти, додека категоријата која смета дека тие се подобриле е речиси еднакво распределена кај сите групи.

Работниот статус на испитаниците не игра особена улога, но од аспект на местото на живеење се појавуваат извесни (не големи) разлики, прикажани на следнава табела:

**Дали според Вас во последниве 2 години меѓуетничките односи се влошиле или подобриле?**

| | село | град до 30.000 ж. | град над 30.000 ж. | Скопје |
|---|---|---|---|---|
| **се влошиле** | 36% | 36% | 25% | 27% |
| **се подобриле** | 10% | 10% | 9% | 8% |
| **исти се** | 46% | 47% | 58% | 63% |
| **не знам** | 8% | 7% | 7% | 2% |

На испитаниците им беше дадена можност и да се изјаснат по прашањето: кој е најзаслужен за подобрувањето на меѓуетничките односи? Така, ако ги

исклучиме 39% кои не сметаат дека се подобрени, одговорите се следни: 11% сметаат дека подобрувањето е заслуга на власта, 1% ја наведуваат опозицијата, по 2% испитаници се изјасниле за медиумите и за верските лидери, 3% ги споменуваат невладините организации, 5% - меѓународната заедница, но најголемиот дел - 35% сметаат дека ова е заслуга на самите граѓани.

Единствена разлика во однос на возраста се појавува кај групата која за фактор на подобрување ја смета власта, каде што најмладите испитаници го избрале овој одговор во најмала мера (6%), за разлика од оние над 65 години каде за власта се определиле 21%.

Гледано од аспект на етничката припадност, може да се забележи дека значајни разлики помеѓу Македонците и Албанците нема, согласно со податоците од следнава табела:

**Кој е според Вас најзаслужен за подобрувањето на меѓуетничките односи?**

| | **Македонци** | **Албанци** |
|---|---|---|
| **меѓуетничките односи не се подобрени** | 40% | 39% |
| **власта** | 12% | 8% |
| **опозицијата** | 1% | 1% |
| **медиумите** | 2% | 2% |
| **самите граѓани** | 36% | 30% |
| **верските лидери** | 2% | 4% |
| **невладините организации** | 3% | 1% |
| **меѓународната заедница** | 3% | 12% |
| **не знаат** | 2% | 3% |

Евидентно е дека постои сличност во перцепциите на граѓаните, со мал исклучок кога станува збор за меѓународната заедница, која е почесто наведувана како позитивен фактор од страна на Албанците, иако и таа разлика не надминува 10%.

Верската припадност ја одразува речиси во целост етничката, така што сличноста во одговорите е забележлива и меѓу православната и муслиманската популација.

Од аспект на образованието, повторно нема драстични разлики. Единствено што може да се посочи е ставот дека граѓаните се најзаслужни за подобрување на меѓуетничките односи, кој е изразен од страна на 36% од високообразованите и 39% од испитаниците со завршено средно образование.

Наспроти нив, евидентно помала верба во граѓаните покажале оние со незавршено основно училиште кај кои овој одговор го избрале само 14% и оние со завршено основно училиште - 24%.

Во однос на вработеноста, иако разликите се мали, би требало да се посочи дека власта како фактор е најспоменувана од земјоделците, а заслугата на граѓаните - од страна на вработените во јавниот и приватниот сектор.

Местото на живеење не игра улога, но интересно е да се погледнат податоците од аспект на политичката афилијација.

**Кој е според Вас најзаслужен за подобрувањето на меѓуетничките односи?**

| | поддржува партија од власта | поддржува партија од опозицијата | не поддржува ниту една партија |
|---|---|---|---|
| **меѓуетничките односи не се подобрени** | 35% | 45% | 40 |
| **власта** | 16% | 11% | 8% |
| **опозицијата** | 2% | 2% | 0,4% |
| **медиумите** | 2% | 2% | 2% |
| **самите граѓани** | 34% | 25% | 37% |
| **верските лидери** | 2% | 5% | 2% |
| **невладините организации** | 2% | 4% | 3% |
| **меѓународната заедница** | 6% | 7% | 5% |
| **не знаат** | 2% | 0% | 2% |

Интересен податок кој треба да се нагласи е дека и испитаниците кои ја поддржуваат власта и оние кои ја поддржуваат опозицијата најмногу доверба имаат во граѓаните како фактор.

За да се даде можност за подетална експликација на одговорите и на граѓаните кои сметаат дека меѓуетничките односи се влошиле, беше поставено и прашањето: „Кој е најодговорен денес за влошувањето на меѓуетничките односи?“ Кога ќе се погледнат податоците, најнапред паѓа во очи дека на ова прашање само 6% од испитаниците не одговарале бидејќи сметаат дека меѓуетничките односи не се влошени, иако на претходното прашање за статусот на овие односи одговорот дека тие „се исти“ го дале дури една третина.

**Кој според Вас денес е најодговорен за влошувањето на меѓуетничките односи?**

| | |
|---|---|
| **Не се влошени** | 6% |
| **Власта** | 38% |
| **Опозицијата** | 4% |
| **Медиумите** | 11% |
| **Самите граѓани** | 23% |
| **Верските лидери** | 8% |
| **Невладините организации** | 1% |
| **Меѓународната заедница** | 7% |
| **Без одговор / не знаат** | 2% |

Од аспект на полот на испитаниците повторно нема значајни разлики. Во однос на возраста, пак, единствена разлика се појавува кај одговорот дека власта најмногу ги влошува меѓуетничките односи, за што се определиле 46% од најмладата популација (18-25 год.), додека процентот опаѓа како што возраста расте (на пример, кај генерациите над 65 години старост изнесува 33%). Другите одговори кај сите старосни групи се движат околу просекот.

Во однос на ова прашање многу драстични разлики се појавуваат меѓу македонските и албанските испитаници. Имено, Албанците во многу голем процент се определуваат за власта како фактор на влошување на меѓуетничките односи, што се гледа од следнава табела:

**Кој според Вас денес е најодговорен за влошувањето на меѓуетничките односи?**

| | **Македонци** | **Албанци** |
|---|---|---|
| **Не се влошени** | 7% | 5% |
| **Власта** | 23% | 73% |
| **Опозицијата** | 5% | 2% |
| **Медиумите** | 13% | 9% |
| **Самите граѓани** | 29% | 6% |
| **Верските лидери** | 12% | 1% |
| **Невладините организации** | 1% | 0% |
| **Меѓународната заедница** | 9% | 2% |
| **Без одговор / не знаат** | 1% | 3% |

Образованието, исто така, има своја улога. Така, најкарактеристичен одговор за популацијата со основно образование е дека власта ги влошува меѓуетничките односи - 51%, за разлика од високообразованите и оние со средно образование, кои се определиле за овој одговор со околу една третина. Меѓутоа, може да се претпостави дека овој висок процент повеќе се должи на етничката припадност на испитаниците, поточно на општите статистички податоци (кои се одразуваат во примерокот) според кои Албанците во поголем процент учествуваат во групата со основно образование. (Имено, во претходната табела беше видливо дека Албанците како група најмногу ја посочуваат власта како фактор на влошување на меѓуетничките односи). Се разбира, со оглед на тоа дека тројно вкрстување не е направено во ова истражување, ваквата претпоставка не може да се поткрепи со бројки.

Од аспект на работниот статус, студентите за најодговорна ја сметаат власта и тоа со највисок процент (52%), за разлика од останатите групи каде овој одговор не надминува 38%. Највисока фреквенција на одговори кои одговорноста за влошувањето на меѓуетничките односи ја врзуваат за самите граѓани е забележана кај невработените (31%), за разлика од студентите каде овој одговор е двојно помал (16%).

Кај руралната популација доминира факторот „власт“ (што повторно може да е под влијание на етничката припадност), додека другите градови и Скопје со помали отстапувања го следат рангот на просечните вредности.

Најголеми разлики меѓу модалитетите „власт“ и „опозиција“ - очекувано - се појавуваат под влијание на политичката афилијација на испитаниците, што се гледа од следнава табела:

**Кој според Вас денес е најодговорен за влошувањето на меѓуетничките односи?**

| | Поддржува партија од власта | Поддржува партија од опозицијата | Не поддржува ниту една партија |
|---|---|---|---|
| **Не се влошени** | 8% | 4% | 6% |
| **Власта** | 30% | 60% | 38% |
| **Опозицијата** | 7% | 3% | 3% |
| **Медиумите** | 11% | 10% | 12% |
| **Самите граѓани** | 25% | 14% | 24% |
| **Верските лидери** | 8% | 6% | 9% |
| **Невладините организации** | 1% | 0% | 0% |
| **Меѓународната заедница** | 8% | 4% | 7% |
| **Без одговор / не знаат** | 1% | 0% | 2% |

Генерално гледано, од овие прашања можат да се извлечат следниве неколку заклучоци:

• Разликите во перцепциите на граѓаните за меѓуетничките односи се намалуваат споредено со претходните години;

• Разликите меѓу Македонците и Албанците се намалени во споредба со претходните години;

• Генерално, мнозинството испитаници не мислат дека меѓуетничките односи се влошуваат;

• Најчесто изразено мислење е дека статусот на меѓуетничките односи (независно дали се работи за подобрување или влошување) во најголема мера зависи од самите граѓани.

УДК 2(497.7)(047)

***Проф. д-р Ружица Цацаноска***
ruzica-c@hotmail.com

# КАРАКТЕРИСТИЧНИ ОДРЕДНИЦИ НА РЕЛИГИЈАТА ВО СОВРЕМЕНОТО МАКЕДОНСКО ОПШТЕСТВО

Ревитализација на религијата во македонското општество може да се согледа преку процесот на деприватизација на религијата,[8] односно напуштањето на приватната, честопати наречена невидлива сфера, и нејзино очигледно и ревносно пројавување на јавната сцена. Интензивирањето на религиозниот живот кај самите верски колективитети сѐ повеќе се наметнува и навлегува во јавната сфера, проследено, на пример, преку нивната општа поголема присутност во медиумите, истакнувањето на местото и позицијата на религијата во структурирањето на самиот национален колективитет, анимирањето на прашањата за враќањето на одземените имоти, понатаму верското образование или веронауката, како и многу други прашања, коишто се од интерес на самите верници и граѓани воопшто. Јавната улога на религијата очигледно се ориентира општо кон нејзината етичка димензија и потребата да се осмисли, развие и реализира ангажманот на религиозните заедници во спектрумот на социјалните активности.[9]

[8] Casanova, J., *Public Religions in the Modern World,* Chicago\ London, University of Chicago Press, 1994; Herbert, D., *Religion and Civil Society, Rethinking Public Religion in the Contemporary World*, Aldershot, Ashagate Publishing Limited, 2003; Eder, C., *Post-secularism: A return to the public sphere*, Eurozine, 2006-08-17.
[9] Цацаноска, Р., *Јавна религија*, Зборник посветен на Владимир Митков, Правен факултет, Скопје, 2010.

Прашањето на религијата и моралот е многу комплексно, особено во текот на транзициониот период, но во оваа сондажа на јавното мислење (2014) ќе се истражува само парцијално, преку едно прашање. Честопати во јавниот дискурс е присутна синтагмата којашто ги поврзува религијата и моралот, навестувајќи дека религијата треба да претставува „извор“ на моралното однесување и да помогне да се надмине денешната криза на вредностите. Современата религиозна поларизација на моралот се потпира врз концептот за јавната религија, истакнувајќи дека религијата треба да му даде соодветна поддршка на индивидуалниот и јавниот морал во општеството.

Религијата во рамките на проектот на ИСППИ, Јавно мислење 2014-та, е застапена со краток сет од три прашања. Во нив се аспектираат: индивидуалната религиозна определба; одењето во верски објекти и односот на испитаникот кон важноста на моралните вредности на коишто го подучува неговата религија. Во групата на независни варијабли беше вброена религиозната припадност. Последното прашање за религијата и моралот е поставено во рамки на петостепена Ликертова скала со мерење на интензитетот на согласување односно несогласување со понудените тврдења. Истражувачките прашања главно се однесуваа на утврдување на личната верска идентификација, зачестеноста на посетувањето на верскиот објект и третото прашање се однесуваше на односот на моралот и религијата. Анализата на собраните податоци се одвиваше преку општите дистрибуции и подоцна преку вкрстување на добиените податоци. Дел од податоците од последната анкета од 2014-тата се споредуваат со податоците од претходните истражувања - посебно компаративно се анализираа со анкетата од 2012-тата.

Вообичаено, и при концепирањето на примерокот, за да се задоволи репрезентативноста на истиот, мнозинството испитаници припаѓаат на православието односно исламот, а со симболични стапки е проследено припаѓањето кон католичкиот, односно останатите религиозни колективитети во Република Македонија.

При непосредното концептирање на истражувачкиот дел за промените коишто се случуваат во сферата на религијата, во проектот „Јавното мислење 2014“ се акцентираат следниве истражувачки прашања:

1. Како се структурира личната верска идентификација?

2. Како се структурира верската практика според индикаторот - посета на верскиот објект?

3. Како верниците ја перципираат важноста на моралните норми на коишто нè подучува религијата?

## ЛИЧНА ВЕРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

Религиозната самоидентификација на испитаниците претставува клучен сегмент на религиозноста воопшто. Во однос на својот став кон религијата, 83,7% од испитаниците или 1004 од 1200 испитаници се определиле како верници, додека за модалитетот "сум нешто помеѓу верник и неверник" се определиле 12,4% или како неверници помалку од 4% (3,9%).

Прашањето за лична верска идентификација во истражувањето на јавното мислење од 2014-та забележува извесен скок во однос на истото во 2012-та. Како верници, во 2014-та се изјасниле 83,7% од вкупно анкетираните, во однос на 77% во 2012-та. Мала е стапката на испитаниците коишто самите се изјаснуваат дека припаѓаат под ставката – "не сум верник" (3,9% од верниците), којашто се намалила и во споредба со податоците од 2012-та. Само 12,4% од испитаниците се изјасниле дека според верската припадност спаѓаат во категоријата "сум нешто помеѓу". Во споредба со анкетата од 2012-та, оваа ставка бележи значително опаѓање, коешто изнесува 6%.

**Табела бр. 1.** *Лична верска идентификација 2012/2014*

| Јавно мислење | Верник | Не сум верник | Сум нешто помеѓу | |
|---|---|---|---|---|
| 2012 г. | 77,0% | 4,6% | 18,4% | 100,00% |
| 2014 г. | 83,7% | 3,9% | 12,4% | 100,00% |

Испитаниците коишто се изјасниле како припадници на Исламот се изјасниле како верници во далеку повисока стапка (96,8%) во споредба со испитаниците-верници коишто припаѓаат на Православието (80,2%).

**Табела бр. 2.** *Податоци за обработеното прашање за лична верска идентификација вкрстени со податоците за верска припадност*

| | | Верска припадност | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Православна | Исламска | Друга | Не припаѓам на ниду една религија | |
| Дали за себеси би рекле: | Верник сум | 80,2% | 96,8% | 73,7% | 5,9% | 83,7% |
| | Не сум верник | 3,4% | 0,5% | | 58,8% | 3,9% |
| | Сум нешто помеѓу | 16,4% | 2,7% | 26,3% | 35,3% | 12,4% |
| Вкупно | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

При анализата на емпириските податоци, забележителна е поголемата стапка на верници кај женскиот пол (85,4% од испитаничките се изјасниле како верници, во споредба со 82,0% испитаници, коишто се изјасниле како верници), а во исто време и помали се стапките кај останатите ставки (*не сум верник* и *сум нешто помеѓу*).

**Табела бр. 3.** *Податоци за обработеното прашање за лична верска идентификација вкрстени со податоците за полова структура*

| | | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Мажи | Жени | |
| Дали за себеси би рекле: | Верник сум | 82,0% | 85,4% | 83,7% |
| | Не сум верник | 4,1% | 3,7% | 3,9% |
| | Сум нешто помеѓу | 13,9% | 10,9% | 12,4% |
| Вкупно | | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Исто така, забележителен е и трендот којшто се добива со вкрстување на податоците за лична верска идентификација со податоците за возраста. Имено, како што расте возрасната граница, така расте и стапката на верници, којашто во возрасниот интервал над 65 години изнесува дури 90,1% (таа

стапка на возраст од 18 до 29 години изнесува 76,4%). Вториот модалитет (“не сум верник”), пак, значително опаѓа уште од возрасната категорија од 30 до 39 години и бележи извесна стабилност во скоро сите останати возрасни интервали. Со зголемувањето на возрасната граница, многу повеќе опаѓа и третиот модалитет – “сум нешто помеѓу” (види табела бр. 4).

**Табела бр. 4.** *Податоци за обработеното прашање за лична верска идентификација вкрстени со податоците за возраст*

| | | Возраст | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18-29 г. | 30-39 г. | 40-49 г. | 50-65 г. | над 65 г. | |
| Дали за себеси би рекле: | Верник сум | 76,4% | 84,1% | 87,1% | 87,4% | 90,1% | 83,7% |
| | Не сум верник | 7,5% | 2,8% | 2,7% | 2,2% | 2,2% | 3,9% |
| | Сум нешто помеѓу | 16,1% | 13,1% | 10,2% | 10,4% | 7,7% | 12,4% |
| Вкупно | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Впечатлива е формираната тенденција на добиените резултати од вкрстувањето на податоците за лична верска идентификација со податоците за степенот на образование, со којашто се назначува следново: како што расте степенот на образование од основно до високо, така се намалува стапката на верници. Најмала е стапката на верници кај испитаниците со вишо и високо образование (75,6%), а највисока е стапката на испитаниците-верници со основно образование, којашто изнесува 96,1%. Исто така, во градот Скопје се бележи најниска стапка на религиозна самоидентификација (59,2%). Во однос на регионите во Македонија, највисока стапка на лична верска идентификација има во североисточниот регион (93,1%), потоа следи полошкиот (92,7%), па источниот регион (92,1%). Најмала е стапката на религиозна самоидентификација во скопскиот регион (70,6%).

При анализата на вкрстувањето на податоците за личната верска идентификација и етничката припадност, забележлива е високата стапка од 99,4% на испитаниците кои се изјасниле како верници - Албанци. Оваа стапка е над деведесет проценти и кај испитаниците кои се изјасниле како верници - Турци. Од испитаниците – Македонци, во оваа анкета како верници се изјасниле 77,8%.

**Табела бр. 5.** *Податоци од обработеното прашање за лична верска идентификацција вкрстени со податоците за етничка припадност*

| | | Етничка припадност | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонска | Албанска | Турска | Друга | |
| Дали за себеси би рекле: | Верник сум | 77,8% | 99,4% | 92,6% | 72,0% | 83,7% |
| | Не сум верник | 4,9% | | 1,9% | 10,8% | 3,9% |
| | Сум нешто помеѓу | 17,3% | 0,6% | 5,6% | 17,2% | 12,4% |
| | Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

ВЕРСКА ПРАКТИКА

Клучна димензија на верската практика претставува индикаторот за фреквенцијата на посетите на верските објекти. При анализа на резултатите коишто се однесуваат на посетата на верските објекти, највпечатлив е податокот дека најголем број од испитаниците одат во верскиот објект на својот верски колективитет понекогаш (39,4%), потоа следи модалитетот само на поголемите верски празници (31,5%). Редовно во верските објекти одат 19,5% од анкетираните испитаници, додека воопшто не одат - помалку од 5 % (4,9%) испитаници. Само за споредба, стапката на испитаниците коишто редовно одат во верските објекти, во анкетата во 2012 г. изнесувала само 11,8% или 118 испитаници. Тоа е значително зголемување на овој модалитет за 7,7%.

**Табела бр. 6.** *Податоци од обработеното прашање за посета на верски објекти вкрстени со податоците за полова структура*

| | Модалитети | | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Мажи | Жени | |
| Колку често во просек одите во црква / џамија / верски објект? | 1. | Да, одам Редовно | 20,4% | 18,6% | 19,5% |
| | 2. | Понекогаш | 39,2% | 39,6% | 39,4% |
| | 3. | Само на поголеми верски празници | 32,5% | 30,5% | 31,5% |
| | 4. | Не се сеќавам | 4,1% | 5,2% | 4,7% |
| | 5. | Воопшто не Одам | 3,8% | 6,0% | 4,9% |
| | | Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Практиката на верничката популација во Македонија не ги следи високите стапки за личната верска идентификација. Имено од 83,7% испитаници, коишто се изјасниле како верници, редовно ги посетуваат верските објекти само 19,5%. Најголема е стапката на испитаниците коишто навеле дека само понекогаш одат во верските објекти (39,4%). Нешто помала е стапката на испитаниците коишто навеле дека верскиот објект го посетуваат само на поголемите верски празници (31,5%). Во однос на етничката припадност, најголема е стапката на Турците (25,9%) кои редовно ги посетуваат верските објекти, во чекор ги следат испитаниците – Албанци (25,5%), додека кај испитаниците - Македонци стапката е помала и изнесува16,8%.

**Табела бр. 7.** *Податоци од обработеното прашање за посета на верски објект вкрстени со податоците за етничка припадност*

| | | Етничка припадност | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонска** | **Албанска** | **Турска** | **Друго (Србин, Ром, Влав)** | |
| **Колку често во просек одите во црква / џамија / верски објект?** | **Да, одам редовно** | 16,8% | 25,5% | 25,9% | 17,2% | 19,5% |
| | **Понекогаш** | 41,4% | 34,7% | 37,0% | 40,9% | 39,4% |
| | **Само на поголеми верски празници** | 34,1% | 26,8% | 29,6% | 28,0% | 31,5% |
| | **Не се сеќавам** | 3,7% | 7,0% | 5,6% | 4,3% | 4,7% |
| | **Воопшто не одам** | 4,1% | 6,1% | 1,9% | 9,7% | 4,9% |
| **Вкупно** | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Во однос на возраста, најредовно ги посетуваат верските објекти испитаниците коишто припаѓаат во возрасната категорија над 65 години (33,0%). Највисока стапка на испитаниците коишто во најголем број изјавиле дека само понекогаш одат во верските објекти е кај возрасната категорија од 30 до 39 години (43,9%), а најниска кај категоријата од 50 до 65 години (33,0%). Редовно ги посетуваат верските објекти 35,0% од испитаниците–земјоделци и 32,3% пензионери. Најмала е стапката на студентите коишто редовно одат во верските објекти (9,4%).

## РЕЛИГИЈАТА И МОРАЛОТ

Мултидимензионалниот однос на религијата и моралот само е загатнат во едно прашање од кусиот сет на прашањата за религијата во овој проект. Во оваа анкета на јавното мислење, во рамките на делот за религијата, ги замоливме испитаниците да го изнесат интензитетот на своето согласување односно несогласување со исказот: „За мене се многу важни моралните вредности на коишто ме подучува религијата?"

**Табела бр. 8.** *Податоци од обработеното прашање за перцепцијата на испитаниците за важноста на моралните вредности на коишто нè подучува религијата вкрстени со податоците за половата структура*

| | | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | **Машки** | **Женски** | |
| **Колку се согласувате со исказот: „За мене се многу важни моралните вредности на коишто ме подучува религијата?"** | **1. Најголемо несогласување** | 5,8% | 6,5% | 6,2% |
| | **2.** | 10,3% | 9,6% | 9,9% |
| | **3.** | 28,6% | 27,7% | 28,2% |
| | **4.** | 19,7% | 19,3% | 19,5% |
| | **5. Најголемо согласување** | 35,6% | 36,9% | 36,3% |
| | **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Како што може да се види во погорната табела, најголема стапка од одговорите (36,3%) е концентрирана на модалитетот "најголемо согласување" со понудениот исказ. Значително помала е стапката (28,2%) на одговорите на "средишниот интензитет", според којшто испитаниците ниту се согласуваат, ниту пак не се согласуваат со исказот „за мене се многу важни моралните вредности на коишто ме подучува религијата". Најмала е стапката на испитаниците коишто не се согласуваат со овој исказ (6,2%) или на оние

коишто сметаат дека „за мене воопшто не се важни моралните вредности на коишто ме подучува религијата".

**Табела бр. 9.** *Податоци од обработеното прашање за перцепцијата на испитаниците за важноста на моралните вредности на коишто ме подучува религијата вкрстени со податоците за етничката припадност*

| | | Етничка припадност | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонска | Албанска | Турска | Друго | |
| **Колку се согласувате со исказот: „За мене се многу важни моралните вредности на коишто ме подучува религијата?"** | **1. Најголемо несогласување** | 7,7% | 1,9% | | 11,8% | 6,2% |
| | **2.** | 12,2% | 1,3% | 13,0% | 19,4% | 9,9% |
| | **3.** | 38,2% | 8,0% | 24,1% | 19,4% | 28,2% |
| | **4.** | 22,1% | 14,0% | 25,9% | 14,0% | 19,5% |
| | **5. Најголемо согласување** | 19,9% | 74,8% | 37,0% | 35,5% | 36,3% |
| **Вкупно** | | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Највисока стапка на согласување со понудениот исказ изразиле испитаниците - Албанци (74,8%), додека, пак, кај испитаниците - Македонци оваа стапка е далеку пониска и истата се спушта на 19,9%. Сличен е соодносот и на стапките коишто се однесуваат на несогласувањето со дадениот исказ, но трендот оди во обратна насока. Имено, далеку повисока е стапката на испитаниците - Македонци коишто не се согласуваат со наведениот исказ (7,7%) од истата причина кај испитаниците - Албанци, којашто изнесува 1,9%.

**Табела бр. 10.** *Податоци од обработеното прашање за перцепцијата на испитаниците за важноста на моралните вредности на коишто ме подучува религијата вкрстени со податоците за степенот на образование*

| | | Образование | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Незавршено основно | Основно | Средно | Вишо и високо | |
| Колку се согласувате со исказот: „За мене се многу важни моралните вредности на коишто ме подучува религијата?“ | 1. Најголемо несогласување | 7,1% | 4,4% | 5,4% | 7,9% | 6,2% |
| | 2. | 7,1% | 7,8% | 10,1% | 10,8% | 9,9% |
| | 3. | 32,1% | 21,1% | 31,7% | 26,1% | 28,2% |
| | 4. | 28,6% | 18,9% | 18,8% | 20,1% | 19,5% |
| | 5. Најголемо согласување | 25,0% | 47,8% | 34,0% | 35,2% | 36,3% |
| | **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

При вкрстување на ова прашање со социо-економскиот статус на испитаниците се добиваат излезните податоци според коишто најмногу со овој исказ се согласуваат домаќинките (66,2%), потоа следат земјоделците (45,0%), па вработените во јавните служби (44,0%), пензионерите (34,7%), невработените (32,2%), студентите (31,3%) и на крајот вработените во приватниот сектор (30,1%). Последователно, во излезните резултати за категоричното несогласување со исказот „За мене се многу важни моралните вредности на коишто ме подучува религијата?“ се определиле земјоделците, домаќинките, вработените во јавниот сектор итн.

Во овој контекст може да се анализираат и дистрибуциите на интензитетот на согласување со наведениот исказ во однос на населеното место. Имено, категорично несогласување со овој исказ изразиле испитаниците коишто живеат на село (3,1%), потоа во град до 30.000 жители (3,6%), па следат испитаниците коишто живеат во град со над 30.000 жители (8,3%) и на крајот се испитаниците коишто живеат во Скопје (11,6%), или во просек, со овој исказ најголемо несогласување изразиле 6,2% од испитаниците. Оваа тенденција,

само во обратна насока, целосно не се „пресликува“ во ставката или во категоричното согласување со исказот, во коешто одговорите се дистрибуираат од испитаниците коишто живеат на село (46,2%), потоа испитаниците жители на градовите над 30.000 жители (33,3%), па испитаниците жители на Скопје (31,6%) и на крајот испитаниците жители на градовите до 30.000 жители (25,0%).

Врз основа на обработените податоци според региони, се забележува дека 49,0% од испитаниците - жителите на полошкиот регион, изразиле најголем степен на согласување со погоренаведениот исказ, потоа следат испитаниците - жители на североисточниот регион со 44,1%, а далеку најниска е стапката на испитаниците - жители на југоисточниот регион, којашто се спушта до 6,5%. Најмногу жителите на југоисточниот регион или 40,1% се изјасниле за „средишниот“ интензитет на согласување односно несогласување со наведениот исказ.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Општествените услови значајно ја физиономираат религијата како специфичен општествен феномен и, во исто време, значајно влијаат врз нејзината динамика. Промената на општествените околности придонесува одделни елементи на религијата да се променат, но промените на насоките на одредени тенденции коишто ја карактеризираат религијата се одвиваат релативно бавно.

Јавната улога на религијата значи дека религијата преминува од приватната на јавната сфера и дека верските колективитети имаат активна улога во делувањето на јавниот простор и токму тоа влијае врз општото профилирање на религијата. Во посткомунистичкото милје, во коешто припаѓа и Македонија, се издвојува назначената висока стапка на номинално верништво, но ниска стапка на религиозна практика. Врз основа на добиените резултати од истражувањето на јавното мислење од 2014-та, се потврдува стабилизирањето на високата стапка на личната верска идентификација (83,7%). Всушност, ревитализацијата на религијата во македонското општество условува верничката популација да ја карактеризираат високи стапки на номинално верништво, но на традиционализам во однос на верската практика. Врз основа на добиените податоци коишто се однесуваат на перцепцијата на граѓаните за важноста на морални вредности на коишто подучува религијата, влијанието на религијата врз моралот во општеството е релативно мало.

УДК 331.5(497.7)(047)

***Проф. д-р Мирјана Борота Поповска***
mborota@isppi.ukim.edu.mk

***Доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ***
marija_t@isppi.ukim.edu.mk

***Асс. д-р Весна Забијакин Чатлеска***
vesna.catleska@isppi.ukim.edu.mk

# СТАВОВИ ЗА КАРИЕРАТА НА МАКЕДОНСКАТА РАБОТНА СИЛА

## ВОВЕД

Во истражувањето се поаѓа од најшироката и најприфатена дефиниција за кариера како континуиран доживотен процес на развој на искуството кое е фокусирано на барањето, обезбедувањето и процесирањето информации за себе, професионалните и едукативните можности, животниот стил и заземањето на различни улоги во текот на животот (Hansen 1976). Или, со други зборови, кариерата претставува процес преку кој луѓето разбираат во каква релација се со светот на работата и ја осознаваат сопствената улога во истиот.

Објективната димензија на кариерата претставува заземање на одделни позиции од една личност во текот на животот. Субјективната димензија на кариерата се состои од промена на вредности, ставови и мотиви кои се случуваат во работниот век на една личност.

Прашањето за кариерата и кариерниот развој е од еднакво значење како за поединците, така и за нацијата. Кариерата на една индивидуа е резултат на интеракцијата на внатрешните и надворешните фактори. Од гледна точка на надворешните фактори, поаѓајќи од фактот дека глобализацијата влијае на сите поединци и сите сфери од животот, се интересираме како влијае на кариерните аспирации. Особено се земени предвид невработеноста и влијанието на новите технологии. Од гледна точка на внатрешните фактори, предмет на интерес се личните кариерни цели, патот кон самоактуелизација преку заземање различни работни улоги. Нашиот фокус е на поединецот во светот на работата низ призма на анализа на ставовите за развојот на сопствената кариера.

Резултатите од истражувањето можат да имаат ефект како за креаторите на државната политика за вработените и невработените, така и за организациите, кариерните советувалишта и индивидуите.

## САМОПРОЦЕНКА

Суперовата теорија на кариерниот развој (Super, 1957, 1990) за централен конструкт ја има кариерната зрелост. Кариерната зрелост е основата за разбирање на кариерното однесување. Кариерната зрелост се однесува на подготвеноста на поединецот да донесува кариерни решенија соодветни на возраста и да управува со развојот на кариерните задачи со кои е соочен.

Ефективноста на одлуката за идниот кариерен развој зависи од зрелоста на две димензии: афективна и когнитивна димензија (Crites, 1976). Когнитивната димензија се однесува на вештините за донесување одлуки, а афективната димензија се однесува на оценувањето на ставовите за кариерата и процесот на донесување одлуки. Когнитивната димензија вклучува адекватно знаење за работниот свет и за своите работни вештини и способности. Покрај тоа, Savickas (1996) смета дека когнитивната димензија е важна да се испитува бидејќи когнитивните компетенции се оние кои ја водат личноста кон акција. Поради тоа, во продолжение се испитани ставовите за личната самопроценка за знаењата, вештините и способностите за остварување на солидна кариера во професијата која ја избрале испитаниците.

Според одговорите на поставеното прашање во Табела бр.1, повеќе од половина (27,3% сосема се согласуваат и 31,4% се согласуваат) сметаат дека ги поседуваат потребните знаења, вештини и способности за остварување на солидна кариера во професијата која ја избрале. Тие што делумно се согласуваат и не се согласуваат, односно сметаат дека не ги поседуваат потребните знаења, вештини и способности за остварување на солидна кариера се 21%, додека тие што се изјасниле дека не знаат се 19,8%.

**Табела бр.1:** *Дистрибуција на одговори на прашањето: „Колку се согласувате со ставот: Ги поседувам потребните знаења, вештини и способности за да остварам солидна кариера во професијата што сум ја избрал/а?"*

| | Според пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | |
| **сосема се согласувам** | 26,0% | 28,5% | 27,3% |
| **се согласувам** | 33,8% | 29,0% | 31,4% |
| **делумно се согласувам** | 18,7% | 15,8% | 17,3% |
| **не се согласувам** | 3,5% | 3,9% | 3,7% |
| **воопшто не се согласувам** | 1,2% | 0,2% | 0,7% |
| **без одговор / не знам** | 16,9% | 22,7% | 19,8% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Во иста насока на самопроценка е и следното прашање: Колку се согласувате со ставот: Знам кои се моите слаби страни кои ќе треба да ги подобрам за да изградам успешна кариера?

Дистрибуцијата на одговорите е слична како и на горното прашање: повеќе од половина се свесни за сопствените слабости, 17,4% се делумно свесни, додека 20,8% не знаат.

**Табела бр. 2:** *Дистрибуција на одговори на прашањето: „Колку се согласувате со ставот: Знам кои се моите слаби страни кои ќе треба да ги подобрам за да изградам успешна кариера?"*

| | Според пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | |
| **сосема се согласувам** | 18,4% | 23,3% | 20,8% |
| **се согласувам** | 37,1% | 35,7% | 36,4% |
| **делумно се согласувам** | 20,4% | 14,4% | 17,4% |
| **не се согласувам** | 5,6% | 2,5% | 4,1% |
| **воопшто не се согласувам** | 0,7% | 0,3% | 0,5% |
| **без одговор / не знам** | 17,9% | 23,7% | 20,8% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

## КАРИЕРЕН ПЛАН

Свесноста за кариерните можности, реализирана преку планот за развојот на сопствената кариера, е можеби најзначајниот аспект на зрелоста на една личност кој ќе ѝ овозможи адаптибилност во светот на работата и животот.

Според Супер (1990), кариерната адаптибилност вклучува 5 елементи: способност да се учи од искуства и да се антиципира иднината (на пример: *планирање*); способност да се поставуваат прашања и да се собираат информации и способност за интеракција во средината, училиштето, членовите на семејството; способност да се собираат информации за работниот свет (на пример: *собирање на информации*); способност да се направат избори засновани на знаењето за принциите на одлучување (*донесување одлуки*); способност да се развие себе-свесност, себе-разбирање и да се засноваат реалистични опции кои се конзистентни со сегашноста (на пример: *ориентација кон реалноста).* Во продолжение се испитани сите аспекти на кариерната зрелост односно адаптабилност.

На испитаниците им беше поставено прашањето: Дали имате направено план за Вашата кариера за наредните 5 години? Дистрибуцијата на одговорите беше следна: само 23% имаат план , 29% сè уште размислуваат и планот им е делумен, додека 35,3% немаат план, а 12, 6% се без одговор на ова прашање.

**Табела бр. 3:** *Дистрибуција на одговори на прашањето: „Дали имате направено план за Вашата кариера за наредните 5 години?“*

| | Според пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | |
| **да, имам план** | 26,0% | 20,3% | 23,2% |
| **делумно, односно сè уште размислувам за тоа** | 30,8% | 27,2% | 29,0% |
| **не, немам план** | 33,3% | 37,2% | 35,3% |
| **без одговор** | 9,9% | 15,3% | 12,6% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Од тие испитаници што имаат план беше побарано да ги наведат чекорите што ги преземаат за да го остварат истиот: најмногу - 14,5% се интересираат како би можеле да го продолжат формалното образование; 9,8% се интересираат за трендовите на нивната професија; 8,8% се интересираат за тоа кои курсеви би можеле да ги посетуваат; 8,1% се интересираат за други можни правци за

сопствената кариера и 4,3% се интересираат за професионалните асоцијации, здруженија. На ова прашање без одговор се 13,8%, а ништо од наведеното не прават 5,7%. За овие последниве или скоро 20% (13,8% и 5,7%) може да се сумира дека иако имаат план, сепак тој ќе биде тешко да се реализира бидејќи не преземаат никакви чекори за негово остварување.

**Табела бр. 4:** *Дистрибуција на одговори на прашањето: „Кои од следните чекори ги преземате за да го остварите планот за Вашата кариера?“*

| | Според пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | |
| **се интересирам за тоа како би можел/а да го продолжам образованието (формално: средно, факултет, последипломско)** | 12,9% | 16,1% | 14,5% |
| **се интересирам за тоа кои курсеви би можел/а да ги посетувам (јазик, ИТ, друго)** | 9,9% | 7,6% | 8,8% |
| **се интересирам за информациите за активностите на професионалните организации (асоцијации, сојузи, здруженија)** | 5,1% | 3,4% | 4,3% |
| **се интересирам за трендовите на мојата професија во наредните години** | 11,4% | 8,1% | 9,8% |
| **се интересирам за други можни правци за мојата кариера** | 9,4% | 6,7% | 8,1% |
| **ништо од наведеното** | 6,0% | 5,4% | 5,7% |
| **без одговор/не знае** | 11,9% | 15,6% | 13,8% |
| **нема план** | 33,3% | 37,2% | 35,3% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Следното прашање се однесува на свесноста за бариерите и начинот на справување со истите. Според одговорите на прашањето, во Табела 5 може да се согледа дека 46,4% (13,3% и 33,1%) се свесни и согласни дека кога имаат одредени бариери за остварување на кариерните планови, определуваат и преземаат чекори за нивно надминување. Делумно согласни со овој став се 22,2%, а без одговор се 25,8%.

**Табела бр. 5:** *Дистрибуција на одговори на прашањето: „Колку се согласувате со ставот: Кога имам одредени бариери за остварување на моите кариерни планови, секогаш ги определувам чекорите што треба да ги преземам за да ги надминам проблемите врзани со мојот кариерен развој?“*

| | Според пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | |
| **сосема се согласувам** | 14,6% | 12,1% | 13,3% |
| **се согласувам** | 32,6% | 33,6% | 33,1% |
| **делумно се согласувам** | 24,2% | 20,1% | 22,2% |
| **не се согласувам** | 5,8% | 4,5% | 5,2% |
| **воопшто не се согласувам** | 0,2% | 0,8% | 0,5% |
| **без одговор / не знам** | 22,7% | 28,9% | 25,8% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Една третина од испитаниците се подготвени да ја променат професијата доколку не се задоволни од начинот на кој се одвива нивната кариера. Делумно се согласуваат со овој став 22,6%, додека 22,9% не знаат и 4,8% не би ја промениле професијата.

**Табела бр.6:** *Дистрибуција на одговори на прашањето: „Колку се согласувате со ставот: Доколку не сум задоволен/а со начинот на кој се одвива мојата кариера, подготвен/а сум да ја сменам професијата?“*

| | Според пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | |
| **сосема се согласувам** | 10,3% | 8,7% | 9,5% |
| **се согласувам** | 25,2% | 25,3% | 25,3% |
| **делумно се согласувам** | 26,5% | 18,6% | 22,6% |
| **не се согласувам** | 13,4% | 16,4% | 14,9% |
| **воопшто не се согласувам** | 5,1% | 4,5% | 4,8% |
| **без одговор / не знам** | 19,5% | 26,3% | 22,9% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Што се однесува до проспектите за иднината, една третина сметаат дека ќе биде иста како сега, 20% сметаат дека ќе биде влошена, додека 23,6% сметаат дека ќе биде подобрена. Без одговор на ова прашање, односно тие што не знаат се 21,6%.

**Табела бр. 7:** *Дистрибуција на одговори на прашањето: „Како ја гледате иднината за развојот на Вашата кариера?"*

| | Според пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | |
| **многу влошена** | 6,1% | 8,1% | 7,1% |
| **делумно влошена** | 15,1% | 11,1% | 13,1% |
| **иста како сега** | 36,1% | 33,2% | 34,7% |
| **делумно подобрена** | 20,2% | 18,5% | 19,3% |
| **многу подобрена** | 4,3% | 4,2% | 4,3% |
| **без одговор/не знам** | 18,2% | 25,0% | 21,6% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Како една од финалните и конкретни форми преку кои се гледа моменталната подготвеност за реализирање на плановите за кариера е и поседувањето на животна биографија или CV. Немаат CV - 31,5%, без одговор (може да се земе како форма на немање CV) се 11,5%, додека 7,9% не знаат што е CV. Може да сумираме дека половина од испитаниците немаат CV. Сосема кратко CV имаат 26,6%, додека 22, 6% имаат CV, едните според барањата на EUROPASS (10,3%), а другите имаат неколку различни (12,3%).

**Табела бр.8:** *Дистрибуција на одговори на прашањето: „Дали имате CV?"*

| | **Според пол** | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| | **Мажи** | **Жени** | |
| **немам** | 33,9% | 29,0% | 31,5% |
| **имам, сосема на кратко** | 27,3% | 25,8% | 26,6% |
| **имам според барањата на EUROPASS** | 9,3% | 11,2% | 10,3% |
| **имам неколку и ги употребувам во однос на потребите** | 12,3% | 12,2% | 12,3% |
| **не знам што е тоа CV** | 8,6% | 7,2% | 7,9% |
| **без одговор** | 8,6% | 14,4% | 11,5% |
| **Вкупно** | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

## ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА И ВРАБОТЛИВОСТ

Управувањето со кариерата е лична одговорност на индивидуата, а кариерниот развој подразбира самонасочување кон стекнување вештини за менаџирање на сопственото образование и вработување. Во рамките на доживотното учење и развој на можностите за поголема вработливост, јавните политики поддржуваат стручно образование и обука (Wallenborn, 2010) преку едукативни програми и кариерно насочување за младите и возрасните, вработени или невработени (OECD & European Commission, 2004). Со цел да се испита интересот на граѓаните за посетување вакви програми, како и програмите што ги нудат различни едукативни центри (јавни и приватни), од испитаниците се побара да одговорат кои програми за развој на кариерата досега ги користеле. 45,4% се изјасниле дека воопшто не учествувале во каква било едукативна програма, ниту поминале некаква обука или работилница. Близу една петтина од испитаниците (19,8%) по сопствена иницијатива посетувале курсеви или обуки на едукативни центри, 19,8% се без одговор, а само 8,2% ги користеле програмите на Агенцијата за вработување на РМ. Резултатите по сите понудени алтернативи на прашањето се прикажани во Табела 9, по редослед според фреквенцијата на одговорите.

**Табела бр. 9:** *Дистрибуција на одговори на прашањето: „Кои од наведените програми за развој и напредување во кариерата досега ги имате користено?“ (можни се повеќе одговори)*

| | N | % |
|---|---|---|
| **Досега не сум користел/а никаква програма или советување, ниту сум учествувал/а во обука/ работилница** | 545 | 45,4% |
| **Самоиницијативно посетување обуки понудени од едукативни центри/школи (како што се: учење странски јазик, работа со компјутери, технички и математички вештини, менаџерски вештини, интерперсонални вештини и др.)** | 238 | 19,8% |
| **Без одговор/не знам** | 154 | 12,8% |
| **Програми кои ги нуди Агенцијата за вработување на РМ** | 99 | 8,2% |
| **Програми кои ги нудат органите на локалната власт** | 86 | 7,2% |
| **Програми за обуки и работилници организирани од невладини организации** | 62 | 5,2% |
| **Програми за кариерен развој кои ги нудат центрите за кариера при универзитетите** | 37 | 3,1% |
| **Друго** | 32 | 2,7% |
| **Програми од агенции за посредување при вработување** | 27 | 2,3% |
| **Програми за самовработување на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ** | 15 | 1,3% |
| **Програми од трудовата област при Министерството за труд и социјална политика на РМ** | 11 | 0,9% |

## ЗАКЛУЧОК

Вкупните општествени и економски промени на глобално и национално ниво, како и внатрешните промени во организациите, најчесто согледани преку намалување на работната сила имаат сериозни импликации за вработливоста и кариерните можности на поединците. Од друга страна, високата стапка на невработеност, посебно структурната невработеност, е дополнителен проблем кој подеднакво ги засега и граѓаните и општеството во целина. Ваквите неповолни состојби доведоа до сериозни потешкотии и голема неизвесност во градењето на сопствената кариера и укажуваат на потребата поединецот да преземе лична контрола врз обликувањето на работниот живот. Во рамките на истражувањето, концептот за кариера и кариерен развој се разгледуваше од повеќе аспекти: самопроценка за знаењата, вештините и способностите за остварување на солидна кариера во професијата; кариерните аспирации дефинирани преку конкретен план за развојот на кариера; справување со бариерите во кариерниот развој; флексибилност и подготвеност да се промени професијата; предвидувања за иднината на сопствената каиера; поседување на кратка биографија (CV) и посета на образовни програми и обуки.

Од истражувањето произлегоа повеќе важни наоди:

✓ Пазарот на работна сила во Република Македонија е недоволно конкурентен. Малку повеќе од половина испитаници сметаат дека имаат соодветни знаења, вештини и способности. Близу 40% сметаат дека делумно поседуваат, воопшто не поседуваат или не знаат дали поседуваат компетенции за избраната професија. Ваквата неконкурентност доведува до јаз меѓу понудата и побарувачката на компетентни работници од страна на работодавците, а истовремено е силна пречка во остварувањето на кариерните аспирации.

✓ Успешниот развој на кариерата е условен од самосвесноста за слабите страни. Успешното надминување на сопствените когнитивни и бихевиорални недостатоци позитивно влијаат на ефективноста на одлуката за кариерен развој. Наодите покажуваат дека кај повеќе од половина испитаници постои свесност, што би било прв чекор во нивното надминување, но треба да се забележи дека значаен е процентот на оние кои не ги познаваат своите слаби страни (20,8%) или се делумно свесни (17,4%).

✓ Планирањето на кариерата е круцијално за градење на успешна кариера и постигнување на работните цели. Тоа е рамка во која се идентификуваат приоритетите и овозможува да се донесат одлуки според реалните можности. Резултатите говорат дека постои недоволно развиена кариерна зрелост/адаптабилност со оглед дека само 23% од испитаниците имаат план, а 47,9% се оние кои немаат план или се без одговор, што е прилично значаен процент и

укажува дека македонскиот работник има сериозни потешкотии или воопшто не размислува за иднината на својата кариера.

✓ Кариерниот план сам по себе не може да се оствари доколку не следат и соодветни чекори кои водат до негова имплементација. Меѓу испитаниците кои потврдно одговориле дека имаат кариерен план, близу 20% не преземаат никакви чекори за негово остварување. Сепак, останатите во најголем дел покажуваат интерес за формалното и неформалното образование, како и за трендовите во својата професија. Исто така, 46,4% од испитаниците ги согледуваат надворешните бариери за остварување на планот за кариера и преземаат соодветни активности за нивно надминување.

✓ Флексибилноста во исцртувањето на кариерните патеки е важен аспект од севкупниот работен живот. Променливото опкружување често наметнува промена и адаптирање на постоечките услови во работното опкружување. Кај една третина од испитаниците се согледува свесноста дека промената на професијата е можен одговор на проблемот за негативниот или непосакуваниот кариерен развој. Само 4,8% се изјасниле дека не би ја промениле професијата.

✓ Антиципирањето на трендовите и проекциите за иднината на сопствената кариера може да биде предност во обликување на патеките за кариерен развој. Тоа подразбира следење на променливите услови во кои опстојува една професија и се гради кариера. Пазарот на труд, степенот на развој на економијата или падот на економските активности во одреден сектор се можен индикатор за побарувачката на различни професии. Објективните проценки можат да помогнат во креирањето реален и остварлив кариерен план. Најголем дел сметаат дека проспектите за иднината ќе останат непроменети, а, иако незначително, преовладува бројот на испитаници кои се надеваат на подобра иднина за нивната кариера, наспроти оние кои сметаат дека ќе биде влошена.

✓ Животната биографија е лична карта на кариерата. Сериозното планирање кариера и подготвеноста за достигнување на кариерните цели се гледа и преку поседувањето на животна биографија или CV. Фактот дека половина од испитаниците немаат подготвено CV, зборува за сериозна неподготвеност да се раководи и контролира сопствената кариера. Половина од испитаниците немаат CV, а останатите го имаат во некаква форма.

✓ Современите економии побаруваат работна сила која, освен формалното образование, поседува варијетет од вештини и способности кои ќе одговорат на потребите на работните задачи. Во таа смисла, стратегиите за доживотно учење овозможуваат развивање на компетенции надвор од тесно стручната квалификација. Вработливоста, како и општествениот и економскиот прогрес се условени од развојот на човечкиот капитал. И покрај тоа што се усвоени јавни политики и програми за развој на кариера и полесна вработливост,

македонската работна сила не е целосно оспособена за континуирано учење, што е сериозен недостаток. Податоците од истражувањето покажуваат дека близу половина од испитаниците не посетиле никаква програма за едукација или обука, додека пак 19,8% самоиницијативно посетувале курсеви и обуки на едукативни центри. Напорите државата да помогне во развојот на конкурентноста на работната сила, преку различни едукативни програми на владини агенции, програми во рамките на министерствата или локалната самоуправа, сè уште не даваат резултати и се неефикасни. Сервисите за кариерно водење и кариерно насочување се можно решение за постигнување на целите на јавните политики. Тие треба да им овозможат на граѓаните навремени и точни информации и совети за можностите за образование, обука и вработување.

## РЕФЕРЕНЦИ:

Organisation for Economic Co-operation and Development & European Commission, (2004). Career Guidance: A Handbook for Policy Makers. Paris: OECD.

A.G. Watts, (2000). Career development and public policy, *Journal of employment counseling*, June, 2000, Vol. 37, pp. 62-75.

Hansen, L.S. (1976) Career Development Education: Humanizing Focus for Educators, Journal of Career Development June 1976 3:42-48,

Crites, O. (1969). Vocational psychology: The study of vocational behavior and development. New York, NY: McGraw-Hill.

Crites, J. (1971). The maturity of vocational attitudes in adolescence. Washington, DC: AmericanPersonnel and Guidance Association.

Crites, J. (1973). The Career Maturity Inventory. Monterey, CA: CTB/McGraw Hill.

Crites, J. (1976). A comprehensive model of career development in early adulthood. Journal ofVocational Behavior, 9, 105–118.

Dawis, R. V., & Lofquist, L. H. (1984). A psychological theory of work adjustment: An individual differences model and its applications. Minneapolis, MN: University of Minnesota Press.

Raskin, P. (1998). Career maturity: The construct's validity, vitality, and viability. The Career Development Quarterly, 47, 32–35.

Savickas, M. L. (1984). Career maturity: The construct and its appraisal. Vocational Guidance Quarterly,32, 222–231.

Savickas, M. L., & Hartung, P. J. (1996). The Career Development Inventory in review: Psychometricand research findings. Journal of Career Assessment, 4, 171–188.

Schein, E.H. (2006) Career Anchors, John Wiley Sons, Pfeiffer

Super, D. E. (1957). The psychology of careers. New York, NY: Harper &

Super, D. E. (1957). The psychology of careers. New York, NY: Harper & Row.

Super, D. E. (1990). A life-span life-space approach to career development. In D. Brown & L. Brooks

Wallenborn, M. (2010).Vocational Education and Training and Human Capital Development: Current practice and future options, *European Journal ofEducation*, Vol. 45, No. 2, Part I, pp. 181-198.

University "Sts. Cyryl and Methodius"

INSTITUTE
FOR
SOCIOLOGICAL,
POLITICAL
AND JURIDICAL
RESEARCH

ISSN 1857-7350